evolvIng
Consultancy, Training, Service
We are evolving your ideas…

НАЦРТ ИЗВЕШТАЈ

за

СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

за проект за инфраструктура за изградба на мала хидроелектрична централа МХЕ бр.235, на КП 26 и КП 1405, КО Скочивир на м.в. Коњарка, општина Новаци



Скопје, октомври 2013

Предмет	**Извештај за стратегиска оцена на животна средина**
Вид плански документ	**Проект за инфраструктура за изградба на мала хидроелектрана**
Плански опфат	**КП 26 и КП1405 , КО Скочивир, на м.в. Коњарка, општина Новаци**
Технички број	**17-S-13**

Нарачател	**ОПШТИНА НОВАЦИ**
Изработил	**ЕВОЛВИНГ** ДОО, Друштво за консалтинг, обука и услуги, Скопје

Одговорно лице	Проф. д-р Миле Димитровски Експерт за стратегиска оцена на животна средина
Соработници	Пеце Мирчески, Дипл. инж. за заштита на животна средина Експерт за стратегиска оцена на животна средина
	Доц. д-р Даме Димитровски Дипломиран машински инженер
	Славица Биљарска Мирчески Дипл. инженер за заштита на животна средина

Технички број: 17-S-13

На барање на нарачателот ОПШТИНА НОВАЦИ (за потребите на ЕЛ-ТЕ Хидро ДООЕЛ Скопје), согласно Договорот, ЕВОЛВИНГ ДОО Скопје подготви Извештај за стратегиска оцена на животната средина за Проект за инфраструктура за изградба на мала хидроелектрана Коњарка со референтен број 235, со пропратни објекти на водотекот на река Коњарка во општина Новаци.

Изработката на извештајот е согласно обврската на изготвувачот на планскиот документ за спроведување на постапка за оцена на влијанието од планскиот документ врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето, дадена во глава X (Оцена на влијанието на определени стратегии, планови и програми врз животната средина) од Законот за животна средина. Согласно точка 13 (Планирање на просторот и користење на земјиштето), член 3 од Уредбата за стратегии, планови програми, вклучувајќи и нивните промени, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето, Проект за инфраструктура за изградба на мала хидроелектрана Коњарка со референтен број 235, со пропратни објекти на водотекот на река Коњарка, општина Новаци, е плански документ за кој задолжително се врши стратегиска оцена на животната средина.

Целта на овој извештај е да изврши идентификација и анализа на влијанијата врз животната средина од имплементацијата на предвидениот плански документ уште во фазата на неговата подготовка и да предвиди соодветни мерки за спречување и контрола на влијанијата.

Извештајот е изработен согласно содржината на извештајот пропишана во Уредбата за содржина на извештајот за стратегиска оцена на животната средина (Сл. весник на РМ бр.153/07).

Одговорен за изработката на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина е Миле Димитровски, експерт за стратегиска оцена на животната средина (во прилог е дадена копија од потврдата за положен стручен испит за стекнување на статус експерт за стратегиска оцена на животната средина).

проф. д-р Миле Димитровски
Експерт за стратегиска оцена на животната средина

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

П О Т В Р Д А

за положен стручен испит за стекнување на статус експерт за
стратегиска оцена на животната средина

ДИМИТРОВСКИ Благоја МИЛЕ

дипломиран машински инженер од Скопје, роден на 27.05.1950 година, во Скопје, Република Македонија, на ден 28.12.2010 година го положи **стручниот испит за стекнување на професионално знаење за стратегиска оцена на животната средина,** пред Комисијата за полагање на стручен испит за стратегиска оцена на животна средина, при Министерството за животна средина и просторно планирање, и се стекна со **статус на експерт за стратегиска оцена на животната средина** и ги исполнува условите утврдени во член 68 од Законот за животна средина, со тоа се стекнува со право да биде **вклучен** во Листата на експерти за стратегиска оцена на животната средина што ја води Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија.

Оваа потврда се издава врз основа на член 68 од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/05; 81/05; 24/07; 159/08; 83/09; 48/10 и 124/10) и е со важност од пет години, почнувајќи од денот на издавањето на истата. За продолжување на потврдата за дополнителни пет години, треба да се поднесе барање за продолжување на потврдата до Министерството за животна средина и просторно планирање.

Министерство за животна средина
и просторно планирање

Министер,
Dr. Nexhati Jakupi

М.П.

Број 07-23/ 18
13.01. 2011, година

Комисија за полагање на стручен испит за
стратегиска оцена на животната средина

Претседател,
М-р Јадранка Иванова

evolvIng Consultancy, Training, Service
We are evolving your ideas...

СОДРЖИНА

1. ВОВЕД 6

2. КРАТОК ПРЕГЛЕД НА СОДРЖИНАТА, ГЛАВНИТЕ ЦЕЛИ НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ И ВРСКАТА СО ДРУГИ ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ 10

2.1. Преглед на содржината на планскиот документ 10
2.2. Опис на планскиот документ 13
2.3. Главни цели на планскиот документ 30
2.4. Врска со други плански документи 33

3. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЖИВОТНА СРЕДИНА 35

3.1. Географска положба 35
3.2. Геолошки карактеристики 36
3.3. Климатски карактеристики 38
3.4. Биодиверзитет и природни карактеристики 40
3.5. Хидролошки карактеристики 45
3.6. Сообраќајна поврзаност 45
3.7. Комунална инфраструктура 46
3.8. Демографски карактеристики 47
3.9. Квалитет на амбиентален воздух 48
3.10. Квалитет на води 49
3.11. Управување со отпад 51

4. СОСТОЈБА БЕЗ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ 53

5. ЦЕЛИ НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА 54

6. ВЕРОЈАТНИ ЗНАЧАЈНИ ВЛИЈАНИЈА ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА 56

6.1. Влијание врз население и човеково здравје 56
6.2. Влијанија врз социо- економска состојба 57
6.3. Влијанија врз квалитет на амбиентниот воздух 57
6.4. Влијание врз квалитет на површински и подземни води 58
6.5. Влијание врз почва 59
6.6. Влијание поврзано со управување со отпад 60
6.7. Влијание од бучава 61
6.8. Влијание врз флора и фауна 61
6.9. Влијание врз предел 62
6.10. Влијание врз културно и историско наследство 63
6.11. Влијание од несреќи и хаварии 63
6.12. Прекугранично влијание 65

7. ПРЕДВИДЕНИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА, НАМАЛУВАЊЕ И НЕУТРАЛИЗИРАЊЕ НА НЕГАТИВНИТЕ ВЛИЈАНИЈА 66
7.1. Мерки за намалување на влијанието врз население и човеково здравје 66
7.2. Мерки за намалување на влијанието врз социо- економска состојба 66
7.3. Мерки за намалување на влијанието врз квалитет на амбиентен воздух 67
7.4. Мерки за намалување на влијанието врз квалитет на површинските и подземните води 67
7.5. Мерки за намалување на влијанието врз почва 68
7.6. Мерки за намалување на влијанието поврзани со управување со отпад 68
7.7. Мерки за намалување на влијанието од бучава 69
7.8. Мерки за намалување на влијанието врз флора и фауна 69
7.9. Мерки за намалување на влијанието врз предел 70
7.10. Мерки за намалување на влијанието врз културно и историско наследство 71
7.11. Мерки за намалување на влијанија од несреќи и хаварии 71
7.12. Мерки за намалување на прекугранични влијанија 74

8. АНАЛИЗА НА АЛТЕРНАТИВИ 75

9. ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА 77

10. НЕ-ТЕХНИЧКО РЕЗИМЕ 80

11. ИНФОРМАЦИИ ЗА ОДРЖАНА ЈАВНА РАСПРАВА 88

12. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА 89

Прилог 1: ДРД Образец 90
Прилог 2: Одлука за спроведување на постапка за СОЖС 91
Прилог 3: Мислење од МЖСПП за постапка за СОЖС 92

1. ВОВЕД

Стратегиска оцена на животната средина – дефиниција

Целта на постапката за стратегиска оцена на животната средина (СОЖС) е идентификација и анализа на влијанијата врз животната средина, животот и здравјето на луѓето кои би произлегле со имплементација на планскиот документ. Постапката се спроведува уште во фазата на планирање, со цел сите идентификувани влијанија, односно соодветните мерки за елиминирање или контрола на влијанијата да се предвидат во најраната фаза на подготовката на документот.

Постапката за стратегиска оцена на животната средина треба да обезбеди високо ниво на заштита на животната средина, спроведување на насоките од релевантни стратешки и плански документи и интегрирање на целите на животната средина во подготовката и усвојувањето на стратегии, планови и програми (плански документи), а во насока на промовирање на одржливиот развој.

Стратегиската оцена претставува формална и систематска оцена на значајните влијанија врз животната средина кои би произлегле со имплементацијата на предвидениот планскиот документ врз животната средина, но пред носење на одлуката за негово усвојување. Процесот на стратегиска оцена опфаќа:

- Подготовка на Извештај за стратегиска оцена, каде што значајните влијанија од планскиот документ се идентификувани и оценети;
- Консултации со засегната јавност, органот надлежен за работи од областа на животната средина и останатите органи засегнати со имплементацијата на планскиот документ;
- Интегрирање на социјалните, економските и аспектите на животната средина;
- Земање предвид на заклучоците од Извештајот и консултациите при финализирање на нацрт планскиот документ;
- Објавување на одлуката за усвојување на планскиот документ и како стратегиската оцена влијаела врз усвојувањето на документот.

Процесот на стратегиска оцена претставен по фази е даден на слика 1 подолу во текстот.

Определување на потреба за СОЖС

Основ:

- *Дали планскиот документ го донесува орган на централната или локалната власт*
- *Дали планскиот документ се однесува на финансии, буџет, одбрана или за воена или вонредна состојба*



Слика 1: Процедура на постапката на стратегиска оцена на животната средина



Слика 2: Постапка за утврдување на неопходноста од спроведување на стратегиска оцена (SEA) за плански документ кој го подготвува локалната управа

Придобивки

СОЖС има за цел да обезбеди рамка за дејствување врз процесот на одлучување уште во најрана фаза кога планските документи (кои пак најчесто предвидуваат индивидуални проекти) се подготвуваат.

Оваа постапка има задача да ги опфати кумулативните влијанија од индивидуалните проекти.

Подобрување на квалитетот на процесот на подготовка на плански документи:

- Олеснување на идентификацијата и оценката на алтернативи;
- Подигнување на јавната свест за влијанијата врз животната средина од планските документи, бидејќи секогаш не е возможно да се елиминираат негативните влијанија од одреден проект, оваа постапка помага во обезбедување на мерки за намалување на негативните влијанија што не може да се елиминираат;
- Поддршка при вклучувањето на мерливи таргети и индикатори, што ќе овозможи ефективен мониторинг на имплементацијата на планскиот документ.

Стратегиската оцена има за цел да обрне внимание и предупреди за големи и кумулативни ефекти од имплементацијата на планскиот документ, вклучувајќи го и влијанието од помалите индивидуални проекти вклучени со планот, а кои според својот праг не се опфатени со ОВЖС постапката.

ФАЗА	ПЛАН	СОВЖС
Првичен преглед	Подготовка на работни документи за значајните прашања	Доколку СОВЖС не е задолжителна, се прави преглед на значајните влијанија
Првични консултации со јавноста	Објавување на одлука за намера за подготовка на плански документ	Определување на обем и деталност на Извештајот
Подготовка на документација	Подготовка на нацрт плански документ	Подготовка на Извештај за стратегиска оцена
Консултации со јавноста	Јавен увид во планскиот документ	Јавен увид во Извештајот
	Јавна расправа	Јавна расправа
	Разгледување на забелешките	Идентификација на значајни забелешки
	Подготовка на извештај за јавната расправа и објава	Подготовка на извештај за јавната расправа и објава
Консултации со надлежен орган	Земање предвид на сите пристигнати забелешки	Оценка на соодветноста на Извештајот
Комплетирање на процесот	Усвојување на планскиот документ и објавување на одлука	Објавување
Пост-фаза	Имплементација	Мониторинг на имплементацијата на планскиот документ

Табела 1: Преглед на активностите по процедура (подготовка на плански документ/ СОЖС)

2. КРАТОК ПРЕГЛЕД НА СОДРЖИНАТА, ГЛАВНИТЕ ЦЕЛИ НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ И ВРСКАТА СО ДРУГИ ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ

2.1. Преглед на содржината на планскиот документ

Проектот за инфраструктура е изработен согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 60/11- пречистен текст и 144/12), Правилник за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. весник на РМ бр. 78/06) и Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр.142/10, 64/11, 98/11, 169/11, 45/12, 63/12, 126/12 и 19/13).

Проектот за инфраструктура за изградба на мала хидроелектрана со референтен број 235, со пропратни објекти на водотекот на река Коњарка, општина Новаци ќе го определи подрачјето опфатено со планот, врз основа на оценетите можности за развој и погодности за остварување на планираниот развој на соодветен простор, преку неговата рационална организација, уредување и користење.

Кон изработка на Проектот за инфраструктура е пристапено согласно Просторниот план на РМ и Условите за планирање изработени од Агенцијата за планирање на просторот со технички број 07012 од март 2012 и Ажурирана геодетска подлога изработена од овластена геодетска фирма.

Пристапот, содржината и методот на работа на Инфраструктурен проект се базира на одредбите од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Инфраструктурниот проект ја има следната содржина:

Содржина:

1. Општ дел
   - Регистрација на проектантското претпријатие
   - Лиценци и овластување на носителот на проектна документација
2. Прилози кон содржината на урбанистичкиот проект:
   - Решение за услови за планирање на просторот
   - Услови за планирање на просторот
   - Мислења и согласности од органи на државната управа, комунални претпријатија и други субјекти
   - Проектна задача

I. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

1. Текстуален дел
2. Географско и геодетско одредување на подрачјето на планскиот опфат со опис на неговите граници и површина

3. Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето на планскиот опфат и неговата околина
4. Природни чинители на опфатот
   4.1. Релјефни карактеристики
   4.2. Сеизмика на просторот
5. Податоци за создадени вредности и чинители на планскиот опфат
   5.1. Население
   5.2. Културно историско наследство
   5.3. Заштита на животната средина
   5.4. Заштита на природното наследство
6. Инвентаризација на изградениот градежен фонд и вкупната физичка супраструктура
7. Намена на просторот и градежен фонд
   7.1. Билансни показатели
   7.2. Инвентаризација на постојни споменички целини, градби од културно–историско значење и културни предели
8. Инвентаризација на изградена комунална инфраструктура
   8.1. Сообраќај
   8.2. Комунална инфраструктура
9. Инвентаризација на бесправно изградени градби
10. Анализа и можности за просторен развој
    10.1. Заклучок од аналитичко- истражувачкиот дел

ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ :

1.	Извод од Просторен план на РМ	1: 25000
2.	Ажурирана геодетска подлога	1: 2500
3.	Снимка на бесправно изградени градби	1: 2500
4.	Инвентаризација и снимање на изградениот градежен фонд, вкупна физичка суперструктура и комунална инфраструктура	1: 2500

II. ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. Вид на планот, назив на подрачјето на планскиот опфат и плански период
2. Географска и геодетска местоположба на планскиот опфат
3. Текстуални одредби од изводот од план од повисоко ниво– услови за планирање на просторот
4. Опис и образложение на планскиот концепт на просторен развој
5. Сообраќајна и комунална инфраструктура
   5.1. Сообраќаен план
   5.2. Комунална инфраструктура

Карактеристичен пресек на траса на цевковод и планиран 400 kV далновод

6. Економско образложение
7. Мерки за заштита на културното наследство
8. Мерки за заштита на животна средина

8.1 Мерки и средства за заштита и санација на животната средина

III. УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА , РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ

1. Општи услови за изградба
2. Посебни услови за изградба

IV. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ СО БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ

1. Нумерички показатели
2. Биланси показатели

ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ

1.	План на намена на земјиште и градби	1: 2500
2.	Регулационен план и план на површини за градење	1: 2500
3.	Сообраќаен, нивелациски план и инфраструктурен план	1: 2500
4.	Синтезен план	1: 2500/ 1:1000

ИДЕЕН ПРОЕКТ

- Текстуален дел
- Графички дел

Досегашниот просторен развиток на општина Новаци го наметнува прашањето за неискористени потенцијали кои општината ги поседува, а кои се откриени, анализирани и утврдени низ методолошки пристап кој опфаќа:

- Анализа на природните погодности и ограничувања за идниот просторен развиток на општината, а особено во областите: домување, индустрија, сообраќај и сообраќајна инфраструктура, комунална инфраструктура како и простори и објекти за одмор и рекреација на граѓаните;
- Валоризација на погодностите и ограничувањата за просторен развиток на општината. Валоризација на природните можности и создадените потенцијали за задоволување на денешните и особено идните потреби на населението во околните населби;
- Проекција на потребите и можностите за остварување на зацртаните цели на развојот и во согласност со нив дефинирање на критериумите, стандардите и плански параметри со кои ќе се утврдат функционалните и просторни потреби на сите подрачја на развиток на општината во планскиот период;
- Усогласување на програмските определби и планските параметри на идниот развиток со насоките на Просторниот план на Републиката. Дефинирање на намената на земјиштето потребно за идниот развој во сите области на животот во населените места на целата општина;
- Концепт на идниот развој на општината со основни параметри во планирањето;
- Методолошкиот пристап кон изработката на Проектот за инфраструктура треба да обезбеди логична и рационална долгорочна развојна проекција за планскиот опфат, на целиот простор на општината Новаци, со примена на современи концепти и

методи, а процесот на планирањето од подготвителните работи до дефинирање на планот се води во следните етапи:

- ✓ Дефинирање на целите на идниот развој;
- ✓ Утврдување на основните проблеми во досегашниот развој;
- ✓ Валоризација на погодностите, можностите и ограничувањата на идниот просторен развој на планот;
- ✓ Усогласување на концепцијата за идниот развој со согледувањата и насоките кои произлегуваат од Просторниот план на Републиката.

2.2. Опис на планскиот документ

Постапка за изготвување на Проект за инфраструктура за изградба на цевковод, МХЕЦ Коњарка со реф.бр.235 со пропратни објекти на КП 26 и КП 1405, КО Скочивир, општина Новаци, е покрената на иницијатива на ЕЛ-ТЕ ИНЖЕНЕРИНГ ДОО- Скопје.

Според член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 60/11- пречистен текст и 144/12), Проектот за инфраструктура содржи техничко решение за инфраструктурата со сите нејзини елементи (шахти, бунари, мерни станици, потпорни ѕидови, мостови, вијадукти, пропусти, натпатниии, подпатниии, тунели, клучки и друго). Во текстуалниот дел и графичките прилози прикажана е трасата на инфраструктурата и истиот се изработува врз основа на извод од Просторен план или услови за планирање на просторот или извод од урбанистичките планови од членот 7 точка 2 на Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Користејќи ја ажурираната геодетска подлога изработена од овластена фирма Друштво за геодетски работи проектирање и трговија ЦИВИЛ ГЕО Инженеринг, Скопје, изработен е Проект за инфраструктура согласно Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. весник на РМ бр.78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр.142/10, 64/11, 98/11, 169/11, 45/12, 63/12, 126/12 и 19/13).

Документационата основа претставува основен појдовен елемент во методолошкиот процес на истражување и истата ќе послужи како основа за изработка на Планот. Со анализа на просторот во рамките на опфатот, се добиваат потребните информации за постојната состојба и комуналната опременост па се до можностите за понатамошно користење на просторот.

Документационата основа е изработена врз основа на:

- Ажурирана геодетска подлога изготвена од овластена фирма;
- Теренско снимање на просторот (градежен фонд и население) од страна на стручна екипа на извршителот (состојба 2013 година);
- Податоци добиени од комуналните служби;
- Аналитичка обработка на евидентираните податоци;
- Постојна урбанистичка документација.

Документационата основа содржи:

- Анализа на постојната организација на просторот;
- Анализа на постоен градежен фонд, сообраќајна и комунална инфраструктура;
- Анализа на досегашната урбанистичка документација;
- Оценка на можности за просторен развој.

Географско и геодетско одредување на подрачјето на планскиот опфат со опис на неговите граници и површина

Просторот дефиниран за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на цевковод, МХЕЦ Коњарка со реф.бр.235 со пропратни објекти на КП 26 и КП 1405, КО Скочивир, општина Новаци е со инсталирана моќност 880kW и инсталиран проток од 0,758 м^3/сек.

Просторните квалитети на водите во Република Македонија иницираат концесионирање на водите за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија.



Слика 3: Граница на плански опфат

За планирање на мала хидроелектрана, согласно целите и условите за нејзин успешен развој, пристапено е кон изработка врз основа на:

- ажурираната геодетска подлога;
- теренско снимање од страна на стручни лица;
- податоци добиени од стручни служби;

- условите за планирање на просторот;
- договор за концесија за вода за изградба на мали хидролектрични централи за производство на електрична енергија.

Бидејќи се работи за локација за која не постои урбанистички план, т.е. истата е лоцирана во просторен план, планскиот опфат се однесува само на предметната локација.

Во конкретниот случај условите за планирање се издаваат за потребите за изработка на урбанистичка планска документација за изградба на МХЕЦ се состои од:

- Машинска зграда
- Зафат
- Притисен цевковод
- Две шахти за воздушен вентил
- Испусен објект
- За пристап ќе се користи постоечки пат.



Слика 4: Синтезен план

Поврзувањето на енергетската мрежа на планираната МХЕЦ со референтен бр. 235 ќе се реализира преку далекуводот на МХЕЦ со реф. бр. 236 за која се издадени Услови за планирање на просторот со тех.бр. Y36010. Пристапот до планираната МХЕЦ е овозможен преку постоечкиот шумски пат.

Реализацијата на пристапните патишта до инфраструктурниот дел, односно до машинската зграда и зафатот не се третираат во предметниот плански опфат, односно согласно Законот за градење (Сл. весник бр.39/12- пречистен текст и 144/12, член 73) одобрение за градење не е потребно за некатегоризиран пат кој служи за стопанисување со шуми и користење на други природни ресурси одобрени со посебен пропис.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

Дефинираниот простор за изработка на наведениот плански документ зафаќа површина од 16697,48м^2.

Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето на планскиот опфат и неговата околина

Предметната локација за Проект за инфраструктура за изградба на цевковод, МХЕЦ Коњарка со реф.бр.235 со пропратни објекти на КП 26 и КП 1405, КО Скочивир, општина Новаци, е опфатена во рамките на Просторниот план на Република Македонија, според кој се изработени условите за планирање на просторот од Агенцијата за планирање на просторот- Скопје, Република Македонија, со тех.бр. 17012.

Проектот за инфраструктура е изработен согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 60/11- пречистен текст и 144/12), Правилник за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл.весник на РМ бр. 78/06) и Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр.142/10, 64/11, 98/11, 169/11, 45/12, 63/12, 126/12 и 19/13). Согласно член 5, став 22 од Законот пристапено е кон изработување на Проект за инфраструктура. Проектот е изработен согласно Условите за планирање на просторот и проектната програма од инвеститорот.

Инвентаризација на изграденият градежен фонд и вкупната физичка супраструктура

За целосно согледување на постојната состојба, во границите на опфатот извршени се детални истражувања на просторот. Истражувањата на локалитетот се извршени по пат на директен увид на теренот. При увидот на лице место, согледано е дека просторот е градежно неизграден и треба програмски да се осмисли и испланира за реалните потреби на самата општина, населеното место и неговото опкружување.

На геодетската подлога, изработена од овластена фирма Друштво за геодетски работи проектирање и трговија ЦИВИЛ ГЕО Инженеринг, Скопје, ажурирана е состојбата на просторот, со сите свои параметри на поставеност, димензии и висински точки на предметната локација и нејзината околина.

Просторот дефиниран за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на цевковод, МХЕЦ Коњарка со реф.бр.235 со пропратни објекти на КП 26 и КП 1405, КО Скочивир, општина Новаци, е на надморска височина од 939 до 1106 метри.

Од анализата на постојната состојба произлегуваат следните заклучоци:
За просторот е потребно да се постигне повисок стандард во однос на:

- површина за градба;
- квалитет на градба;
- употреба на материјали;
- соодветни инсталации;
- обезбедување на сите сообраќајни услови за проточност и безбедност на сообраќајот и комплексно решавање на сообраќајот во мирување;
- поврзување со инфраструктурни системи, како и можност од реализација на нови системи.

Реализацијата на пристапните патишта до инфраструктурниот дел, односно до машинската зграда и зафатот не се третираат во предметниот плански опфат, односно согласно Законот за градење (Сл. весник на РМ бр.39/12- пречистен текст и 144/12, член 73) одобрение за градење не е потребно за некатегоризиран пат кој служи за стопанисување со шуми и користење на други природни ресурси одобрени со посебен пропис.

Намена на просторот и градежен фонд

Предметниот плански опфат е со површина од 16697,48м² со намена НЗ– неизградено земјиште.

Површина на парцела	Намена на површини	Класа на намена	%
	Неизградено земјиште	НЗ	
16697 m²			100%

Билансни показатели

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ			
Документациона основа			
Намена на површина	Класа на намена	Површина на парцели	процент
	шифра	m²	%
НЗ- неизградено земјиште	НЗ	16697	100,00

Инвентаризација на постојни споменички целини, градби од културно– историско значење и културни предели

Во рамките на овој опфат не се забележани постојни споменични целини или градби од културно- историско значење.

Инвентаризација на изградена комунална инфраструктура

Сообраќај

Локалитетот според местоположбата во однос на сообраќајниот систем спаѓа во простор што има добра сообраќајна врска.

Пристапот до планираната МХЕЦ е овозможен преку постоечкиот шумски пат.

Реализацијата на пристапните патишта до инфраструктурниот дел, односно до машинската зграда и зафатот не се третираат во предметниот плански опфат, односно согласно Законот за градење (Сл. весник на РМ бр.39/12- пречистен текст и 144/12, член 73), одобрение за градење не е потребно за некатегоризиран пат кој служи за стопанисување со шуми и користење на други природни ресурси одобрени со посебен пропис.

За просторот потребно е и дополна со проширување на сообраќајната инфраструктура, сообраќаен пристап со пристапна улица и простор за манипулација на теренско возило за интервенции на истата, на земјиште со обезбедено право на службеност и пристап.

Комунална инфраструктура

За комуналната инфраструктура, водовод, фекална и атмосферска канализација евидентирано е следното:

- На предметниот плански опфат не постојат водоводни и фекални канализациони линии;
- На предметниот плански опфат нема постојни телекомуникациски инсталации;
- На предметниот плански опфат нема постојни електро- енергетски објекти и инсталации сопственост на ЕВН Македонија;
- На предметниот плански опфат нема постојни и планирани инсталациски водови и припратни објекти сопственост на АД ЕЛЕМ;
- На предметниот плански опфат не постои изведен и проектиран гасовод.

Поврзувањето на енергетската мрежа на планираната МХЕЦ со референтен бр. 235 ќе се реализира преку далекуводот на МХЕЦ со реф. бр. 236 за која се издадени Услови за планирање на просторот со тех.бр. Y36010.



Слика 5: Сообраќаен, нивелациски и инфраструктурен план

Инвентаризација на бесправно изградени градби

Во границите на планскиот опфат за кој се работи предметната планска документација нема објекти кои се изведени како бесправна градба, односно градби без соодветна техничка документација. Согласно член 14 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 60/11- пречистен текст и 144/12), во тие градежни парцели не се утврдуваат услови за идна градба, освен за градби за кои согласно со Законот за постапување со бесправно изградени објекти е донесено решение за утврдување на правен статус.



Слика 6: Бесправно изградени објекти

Анализа и можности за просторен развој

Од анализата на постојната документација и просторните можности на локалитетот произлегуваат можности за реализација на потребните програмски содржини и можност за добар просторен развој на Републиката. Основната стратешка определба е остварување на повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата, како и обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји. Остварувањето на повисок степен на интегрираност на просторот на Републиката подразбира намалување на регионалните диспропорции, односно квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура.

Во инвестиционите одлуки, стриктно се почитуваат локационите, техно- економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво. Една од основните цели се однесува на штедење, рационално користење и заштита на природните ресурси, искористување на погодностите за производство и лоцирање на активности на простори врзани со местото на одгледување или искористување.

Заклучок од аналитичко- истражувачкиот дел

Како резултат на аналитичко истражувачкиот процес на постојната состојба, констатирано е следното:

- Вкупна површина на предметниот плански опфат изнесува 16697,48м² ;
- Просторот во предметниот плански опфат е земјиште градежно неизградено.



Слика 7: План на намена на земјиште и градби

Од анализата на постојната состојба произлегува:

- Постојната состојба на подрачјето од аспект на природните карактеристики, географски, геолошки, геомеханички, сеизмички, климатски, хидрографски, историски, демографски, економски и стопански, нема да претпат промени со изградбата на Проектот за инфраструктура за изградба на цевковод, МХЕЦ Коњарка со реф.бр.235 со пропратни објекти на КП 26 и КП 1405, КО Скочивир, општина Новаци.

Извод од план од повисоко ниво

За предметниот локалитет како показател користени се одредбите од Условите за планирање на просторот изработени од Агенцијата за планирање на просторот- Скопје, Република Македонија со тех.бр. 17012, согласно кои од Министерството за животна средина и просторно планирање е добиено решение за Услови за планирање на просторот.

Според Просторниот план на Р Македонија се изработени услови за планирање на просторот за изработка на проект за инфраструктура. Условите за планирање на просторот, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија од планската документација од повисоко ниво и графички прилози, или прилози кои ги прикажуваат решенијата на планот.

Опис и образложение на планскиот концепт на просторен развој

Појдовна точка во изнаоѓање на концепцијата на решението, покрај смерниците од Услови за планирање на просторот, создадените услови на просторот кој е предмет на изработка на оваа урбанистичка документација, се и планската програма, постојната состојба и увидот на лице место.

Просторниот концепт го сочинува следниот систем на класа на намена: Е- инфраструктура, со основни класи на намена Е1- комунална инфраструктура во која спаѓаат градбите на комуналната инфраструктура како: сообраќајна, водоводна, канализациона, енергетска и телекомуникациска инфраструктура и сл. и Е2- комунална супраструктура во која спаѓаат: градбите на комуналната инфраструктура како: терминали од секаков вид, аеродроми, гранични премини, катни гаражи, бензински пумпни станици и услужни центри, мерни станици, трафостаници до 20kV, градби за производство на енергија, резервоари за вода, противпожарни домови и сл.

Со оваа урбанистичка планска документација не се предвидува учество на поединечни класи на намена во основната класа на намена.

При уредувањето на просторот водено е сметка за негова рационална искористеност да не се нарушат основните принципи на начин на живеење и хуманизација на просторот што е постигнато со диспозиција, површина, катност и висина на објектите.

- Површина на локација 16697,48м^2
- Површина под градба 1651,34м^2
- Бруто развиена површина 1651,34м^2

- Максимална височина на градба 12,00м
- Процент на изграденост 10%
- Коефициент на искористеност 0,10

Предметниот плански опфат предвиден за изградба на мала хидроелектрана со пропратни објекти е планиран со следните површини на објекти:

број на објект	намена	објект	максимална висина	Висина катност	намена на површини (m^2)	површина на парцела (m^2)	површина на градба (m^2)	бруто развиена површина (m^2)	процент на изграденост %	коефициент на искористеност	потребен број на паркинг места
1.1	Е2	МАШИНСКА ЗГРАДА	12,00 m	П	460,33	460,33	460,33	460,33	100	1,00	-
1.2	Е1	ИСПУСЕН ОБЈЕКТ	1,00 m	-	16237,15	76,25	76,25	76,25	100	1,00	-
1.3		ШАХТА ЗА ВОЗДУШЕН ВЕНТИЛ	1,00 m	-		2,52	2,52	2,52	100	1,00	-
1.4		ШАХТА ЗА ВОЗДУШЕН ВЕНТИЛ	1,00 m	-		2,52	2,52	2,52	100	1,00	-
1.5		ЗАФАТ ЗА ТАЛОЖНИК	5,00 m	П		110,72	110,72	110,72	100	1,00	-
		КОРИДОР (подземен цевковод)	-	-		-	-	-	-	-	-
ВКУПНО					16697,48	1651,34	1651,34	1651,34	10%	0,10	1 возило за сервис и контрола

Димензионирањето на зафатот е извршено врз основа на стогодишната голема вода дефинирана за секој профил, Q100 = 33.8m^3/s. За зафаќање на водите предвиден е тиролски тип на зафат, кој најмногу одговара за планински водотеци, локалните услови и потребните количества на зафаќање.

Малата хидроелектрична централа се состои од:

- Водозафат на кота 1095м.н.в.;
- Цевковод во должина од 1435,61м од GRP и дијаметар DN 700mm, до машинската зграда;
- На конвексното прекршување на нивелетата по должина на трасата на цевководот, предвидени се воздушни вентили сместени во шахти.

Предвидени се два воздушни вентили и тоа на:

– km 0+450.00, на работен притисок од PN 6 bar, со затварач DN 200mm
– km 1+020.00, на работен притисок од PN 16 bar, со затварач DN 200mm

На крајот цевководот се приклучува на влезната шахта пред машинската зграда.

- машинска зграда на кота 945 мнв за целокупната машинска опрема.



Слика 8: Регулационен план и план на површини за градба

Економско образложение

Економското образложение за начинот, обемот и динамиката на финансирање на реализација на планското решение на Проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба- МХЕЦ Коњарка со реф.бр.235 со пропратни објекти на КП 26 и КП 1405, КО Скочивир, општина Новаци, ги опфаќа сите трошоци за планирање, уредување на замјиштето за изградба на објектите и партерно уредување.

Општи услови за изградба

Изградбата на комуналните објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се изведува согласно законска и подзаконска регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот.

Во оваа зона може да се предвидуваат само објекти со намена Е1- комунална инфраструктура и Е2- комунална супраструктура.

Со планот се одредени намената на површина и површината на планскиот опфат.

На планскиот опфат предвиден за изградба на мала хидроелектрична централа, површините за градба изнесуваат 1651,34м^2. Теренот да биде профилиран на начин со кој ќе се обезбедува истек на атмосферската вода кон пониската страна и целиот ќе биде посипан со кршен камен.

Потребниот број на паркинг места се одредува според намената на земјиштето и градбите и нивната големина, така за класата на намени Е1– комунална инфраструктура и Е2– комунална супраструктура, потребниот број на паркинг места се утврдува во зависност од конкретната намена на градбата, условите за градба и специфичните услови на локацијата.

Во овој случај во консултации со инвеститорот, начинот на одржување на ваков објект и тимот на луѓе што би интервенирал во некој случај, доволно е едно паркинг место.

Реализацијата на пристапните патишта до инфраструктурниот дел, односно до машинската зграда и зафатот не се третираат во предметниот плански опфат, односно согласно Законот за градење (Сл. весник бр.39/12- пречистен текст и 144/12, член 73) одобрение за градење не е потребно за некатегоризиран пат кој служи за стопанисување со шуми и користење на други природни ресурси одобрени со посебен пропис.

Пристапот до планираната МХЕЦ е овозможен преку постоечкиот шумски пат.

Бидејќи користењето и изведувањето на активности во шума и на шумско земјиште е пропишано со Законот за шуми (Сл. весник на РМ бр. 64/09, 24/11 и 53/11) потребно е усогласување и прибавување на соодветна документација од надлежните органи. За изградба на објекти во шума и на шумско земјиште детално е пропишано во Законот за шуми, член 14 и 16.
Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на Проектот за инфраструктура, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина (Сл. весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10,124/10, 51/11 и 123/12) и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон.

Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот, количината и режимот на површинските и подземните води.

Да се минимизираат емисиите на честици во атмосферата посебно во фазата на градба, со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.

Превентивните мерки за спречување на ерозија на земјиштето, подразбираат побрзо завршување на земјените работи и ископувања и нивно покривање со вегетација.

При изработка на Проектот за инфраструктура да се имплементираат плански мерки за заштита на биодиверзитетот.

Доколку при изработка на Проектот за инфраструктура или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат мерки за заштита на

природното наследство согласно Законот за заштита на природата (Сл. весник на РМ, бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11 и 59/12).

Доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со чл.65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11 и 148/11), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство во смисла на чл.129 од Законот.

При изведбата на градежните зафати и во функционирањето на хидроелектраната потребно е да се превземат сите неопходни техничко заштитни мерки за да не дојде до нарушување на природниот режим на зафатените реки и до нарушување на рамнотежата на биодиверзитетот во водотекот.

Врз основа на Законот за земјоделско земјиште (Сл. весник на РМ бр. 135/07, 18/11, 148/11 и 95/12), пренамена на земјоделско земјиште се регулира со членовите 48, 49, 51, 51-а и 52.

При зафаќање на нови земјоделски површини предвидени со Програмата за изработка на урбанистички планови или друг плански документ предвиден согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, потребно е да се прибави согласност за трајна пренамена од Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството.
Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животната средина (Сл. весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10,124/10, 51/11 и 123/12) и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон.

При планирањето на просторот да се воспостави контрола на изворите на загадување, континуиран мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух и зони на санитарна заштита со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.

Согласно Законот за управување со отпадот (Сл. весник на РМ бр. 09/11- пречистен текст и 51/11), создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. Задолжително депонирање на отпадните материи во постојната депонија.

Потребно е да се потенцира дека создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

При изработка на урбанистичка планска документација да се имплементираат плански мерки за заштита на биодиверзитетот.

Доколку при изработка на урбанистичката планска документација или при уредувањето на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштитан на природата (Сл. весник на РМ, бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11 и 59/12).

Просторот за кој се наменети Условите за планирање се наоѓа во зона на индиректен степен на загрозеност од воени дејствија, што наметнува задолжителна примена на мерките за заштита и спасување во согласност со член 53 од Законот заштита и спасување.

Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.

Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина од 7° по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси, што наметнува задолжителна примена на нормативно- правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

При примена на планските решенија на проектот за инфраструктура, за што не е регулирано со овие услови да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр.142/10, 64/11, 98/11, 169/11, 45/12, 63/12, 126/12 и 19/13).

Посебни услови за изградба
Во планскиот опфат се предвидува со намена Е1-комунална инфраструктура и Е2 – комунална супраструктура.

- МАШИНСКА ЗГРАДА -
Градежна парцела: 1.1
Објект: 1.1
Намена: Е2- комунална супраструктура- машинска зграда
Парцелација: оформување на нова градежна парцела
Висина на венец: 12,00 м'
Број на катови: П
Паркирање: 1 паркинг место
За реализација на овој објект потребно е изградба на приклучок на дистрибутивната мрежа од машинската куќичка до првиот среднонапонски далекувод на дистрибутивната мрежа.
При издавање на одобрение за градба да се утврди потреба за спроведување на постапка за оцена на влијанието на проектот врз животната средина.

Доколку при изведување на земјаните работи, се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културна историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11 и 148/11), односно веднаш да се запре со отпочнати градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културно наследство во смисла на член 129 од Законот.

Да се обезбеди заштита на планираните коридори наменети за енергетска инфраструктура од градба на објекти и друга инфраструктура.

Од аспект на одржив степен на сеизмичка заштита да при изградба на објектот да се изврши геомеханичко испитување на носивоста на земјиштето, каде ќе се постави машинската куќичка.

Во понатамошната постапка потребно е да се изработи Основен проект пред издавање на одобрение за градење на машинската зграда на градежна парцела 1.

- ИСПУСЕН ОБЈЕКТ -

Градежна парцела: 1.2

Објект: 1.2

Намена: Е1- комунална инфраструктурна- шахта за мерач на проток

Парцелација: оформување на нова градежна парцела

Висина на венец: 1,00 м'

При издавање на одобрение за градба да се утврди потреба за спроведување на постапка за оцена на влијанието на проектот врз животната средина.

Доколку при изведување на земјаните работи, се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културна историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11 и 148/11), односно веднаш да се запре со отпочнати градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културно наследство во смисла на член 129 од Законот.

Да се обезбеди заштита на планираните коридори наменети за енергетска инфраструктура од градба на објекти и друга инфраструктура.

- ШАХТА ЗА ВОЗДУШЕН ВЕНТИЛ -

Градежна парцела: 1.3

Објект: 1.3

Намена: Е1- комунална инфраструктура

Парцелација: оформување на нова градежна парцела

Висина на венец: 1,00 м'

При издавање на одобрение за градба да се утврди потреба за спроведување на постапка за оцена на влијанието на проектот врз животната средина.

Доколку при изведување на земјаните работи, се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културна историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11 и 148/11), односно веднаш да се запре со отпочнати

градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културно наследство во смисла на член 129 од Законот.
Да се обезбеди заштита на планираните коридори наменети за енергетска инфраструктура од градба на објекти и друга инфраструктура.

- ШАХТА ЗА ВОЗДУШЕН ВЕНТИЛ -
Градежна парцела: 1.4
Објект: 1.4
Намена: Е1- комунална инфраструктура
Парцелација: оформување на нова градежна парцела
Висина на венец: 1,00 м'
При издавање на одобрение за градба да се утврди потреба за спроведување на постапка за оцена на влијанието на проектот врз животната средина.
Доколку при изведување на земјаните работи, се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културна историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11 и 148/11), односно веднаш да се запре со отпочнати градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културно наследство во смисла на член 129 од Законот.
Да се обезбеди заштита на планираните коридори наменети за енергетска инфраструктура од градба на објекти и друга инфраструктура.

- ЗАФАТ СО ТАЛОЖНИЦИ -
Градежна парцела: 1.5
Објект: 1.5
Намена: Е1- комунална инфраструктурна- водозафат
Парцелација: оформување на нова градежна парцела
Висина на венец: 5,00 м'
Број на катови: П
При издавање на одобрение за градба да се утврди потреба за спроведување на постапка за оцена на влијанието на проектот врз животната средина.
Доколку при изведување на земјаните работи, се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културна историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11 и 148/11), односно веднаш да се запре со отпочнати градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културно наследство во смисла на член 129 од Законот.
Да се обезбеди заштита на планираните коридори наменети за енергетска инфраструктура од градба на објекти и друга инфраструктура.

- КОРИДОР – (ПОДЗЕМЕН ЦЕВОВОД) –
Намена: Е1- комунална инфраструктура
Природа на зафат: времена експропријација

Доколку при изведување на земјаните работи, се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културна историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11 и 148/11), односно веднаш да се запре со отпочнати градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културно наследство во смисла на член 129 од Законот.

Да се обезбеди заштита на планираните коридори наменети за енергетска инфраструктура од градба на објекти и друга инфраструктура.

Во понатамошната постапка за се што не е регулирано со условите од проектот за инфраструктура да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 60/11- пречистен текст и 144/12) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр.142/10, 64/11, 98/11, 169/11, 45/12, 63/12, 126/12 и 19/13).

Нумерички показатели

Нумеричките показатели за водовите и градбите на сите инфраструктури: Поврзувањето со постоечка енергетска мрежа подетално ќе биде разработено во Основниот проект, фаза електрика, како и после издавањето на електроенергетска согласност од надлежното ЕСМ. За ваков тип на објекти не се предвидува никаква инсталација за водовод и канализација.

број на објект	намена	објект	максимална висина	Висина катност	намена на површини (m^2)	површина на парцела (m^2)	површина на градба (m^2)	бруто развиена површина (m^2)	процент на изграденост %	коефициент на искористеност	потребен број на паркинг места
1.1	Е2	МАШИНСКА ЗГРАДА	12,00 m	П	460,33	460,33	460,33	460,33	100	1,00	-
1.2	Е1	ИСПУСЕН ОБЈЕКТ	1,00 m	-	16237,15	76,25	76,25	76,25	100	1,00	-
1.3		ШАХТА ЗА ВОЗДУШЕН ВЕНТИЛ	1,00 m	-		2,52	2,52	2,52	100	1,00	-
1.4		ШАХТА ЗА ВОЗДУШЕН ВЕНТИЛ	1,00 m	-		2,52	2,52	2,52	100	1,00	-
1.5		ЗАФАТ ЗА ТАЛОЖНИК	5,00 m	П		110,72	110,72	110,72	100	1,00	-
		КОРИДОР (подземен цевковод)	-	-		-	-	-	-	-	-
ВКУПНО					16697,48	1651,34	1651,34	1651,34	10%	0,10	1 возило за сервис и контрола

Билансни показатели

- Споредбени билансни показатели

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ			
Документациона основа			
Намена на површина	Класа на намена	Површина на парцели	процент
	шифра	m²	%
НЗ- неизградено земјиште	НЗ	16697	100,00

Планска документација			
Намена на површина	Класа на намена	Површина на парцели	процент
	шифра	m²	%
Е1- комунална инфраструктура	Е1	460	2,76
Е2- комунална супраструктура	Е2	16237	97,24
Вкупно		16697	100,00

ПОВРШИНА 16697,48m²	**параметри**
ПОВРШИНА ПОД ОБЈЕКТИ (m²)	1651
Е2- ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА (m²)	460
Е1- ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА (m²)	1191
ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ	10%
КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	0,10

2.3. Главни цели на планскиот документ

Проектот за инфраструктура ги зацртува основните правци на просторниот развиток на општината, согласно Просторниот план на Републиката, со цел да се постигне оптимална просторна организираност и функционална опременост на просторот за одреден временски период.

Локалната самоуправа ја прифати иницијативата за изработка на Проект за инфраструктура, со цел да се предвиди изградба на мала хидроелектрана со пропратни објекти на водотекот на река Коњарка, која ќе биде во согласност со Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 60/11- пречистен текст и 144/12), како и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр.142/10, 64/11, 98/11, 169/11, 45/12, 63/12, 126/12 и 19/13).

После одобреното барање од страна на Комисијата, формирана од страна на Градоначалникот, донесена е Одлука за пристапување кон изработка на проект за инфраструктура за изградба на мала хидроелектрана со пропратни објекти.

Планот кој е основен развоен документ и кој е основа за издавање на локациски услови, има крајна цел да ги утврди планско - проектните и посебните услови, преку параметри кои се потребни за изработка на понатамошната проектна документација, усогласена со предвидената наменска употреба на земјиштето. При тоа потребно е:

- запазување на основните планерски поставки дадени во Просторниот план на Република Македонија, како и од изготвениот Проект за инфраструктура;
- рационално искористување на просторот;
- почитување и заштита на правото на човекот и сопственоста.

Изработката на Инфраструктурен проект се базира на погодностите кои ги нуди природата и создадените вредности од човекот, како и следните работи:

- Анализа на природните погодности и достигнатиот степен на развиток во просторот кој е предмет на изработка на оваа Урбанистичка документација;
- Согледување на потребите, можностите и потенцијалите на идниот развиток.

Проектот за инфраструктура ќе претставува основен регулативен документ за сите области на просторниот развиток во рамките на опфатот на Планот, извор на информации за сите сфери на развиток и основа за создавање развојни програми.

Условите за планирање на просторот за изработка на Проектот за инфраструктура за изградба на мала хидроелектрана со референтен број 235, со пропратни објекти на водотекот на река Коњака, општина Новаци со снага од 880kW, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот.

Просторниот план се залага за концепт на интегрален и полифункционален пристап во организација и уредување на руралните простори, како појдовна основа за развој и унапредување на квалитетот на живеењето во селските подрачја, при што приоритетна задача претставува целосното активирање на расположливите потенцијали, релевантни за развој на стопанството, кои ќе бидат искористени за создавање на систем за ефикасно организирано пазарно стопанисување.

Во рамки на насоките за изработка на планови од пониско ниво, кои ги дава Просторниот план, за објекти од ваков тип треба да се почитува:

- избор и распоред на активности, согласно природните услови, расположливата работна сила и постојните капацитети;
- обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој, а особено во однос на:

* бесправната градба;
* стопанисувањето со шумите, земјоделското земјиште, водите и друго;
* заштита на создаденото и природното богатство;
* насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.

Со изработка на проектот за инфраструктура треба да се постигнат следните основни цели кои би можеле да важат за наредниот плански период:

- Изнаоѓање на потенцијали за натамошниот развој, кој се очекува да биде поттикнат од геопрометната положба на локалитетот во новата политичка консталација, во услови на битни промени во начинот на стопанисување, односно обезбедување на простори погодни за домашни и странски инвестирања;
- Планирање на просторот во согласност со сеизмичката микрореонизација и заштита од можни идни потреси;
- Определување на правците на ширење на локации за развој во општина Новаци за овој и наредните плански периоди.

Градбата на хидроелектрана ќе ја зголеми понудата не енергетски извори (електрична енергија) во овој регион, како и ќе го подигне значењето во искористувањето на обновливите извори на енергија.

Ваквите и слични иницијативи на соодветен начин се вградени во основните цели на урбанизацијата и развој и уредување на простори со што се постигнува:

- Зачувување на амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот и адекватното користење на природните предели и пејзажи;
- Одржување на крајбрежната вегетација за заштита од ерозивен нанос;
- При изработката на планската документација треба да се имплементираат плански мерки за заштита на биодиверзитетот.

Проектот за инфраструктура, кој е основен развоен документ, ги има следните цели:

- рационално користење на земјиштето;
- максимално вклопување на инфраструктурата и објектите со теренот;
- оформување амбиентални целини;
- почитување и заштита на правото на човекот на работа;
- почитување и надградување на пејзажните вредности;
- оформување културен пејзаж;
- почитување и валоризација на културното и градителското наследство;
- вградување заштитни мерки;
- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето;
- предвидување мерки за заштита и спасување.

Преку нивно достигнување, има крајна цел да ги даде општите и посебните услови за градење како и насоките за изработка на архитектонско- урбанистички проект за градбите за специфична наменска употреба на земјиштето, на градежна парцела посебно, и да ги утврди параметрите за изработка на идејните проекти за инфраструктурата.

2.4. Врска со други плански документи

Континуираниот процес при кој се изработуваат, донесуваат и спроведуваат просторни и урбанистички планови, со цел уредување и хуманизација на просторот и заштита и унапредување на животната средина и природата, се нарекува просторно и урбанистичко планирање.

Проектот за инфраструктура за изградба на мала хидроелектрана со референтен број 235, со пропратни објекти на водотекот на река Коњарка, општина Новаци е во корелација со следните документи:

- Просторен план на Република Македонија 2002-2020 година;
- Вториот Национален еколошки акционен план на РМ (НЕАП II, 2006);
- Стратешки план за локален економски развој на Општина Новаци 2008- 2013 година;
- Национална стратегија за одржлив развој, 2009;
- Националната стратегија за биолошка разновидност, 2004;
- Стратегија за управување со отпад во Република Македонија 2008-2020;
- Националниот План за управување со отпад, 2009-2015;
- Стратегија за мониторинг на животната средина 2004;
- Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина, 2003;
- Стратегија и акционен план за имплементација на Архуската конвенција 2005;
- Национален здравствено- еколошки акционен план (НЗЕАП, 1999).

За предметниот локалитет, како показател, користени се одредбите од Условите за планирање изработени од Агенцијата за планирање на просторот со технички број Y07012, од март 2012 година.

Потребно е сите активности да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата.

Една од основните цели на Просторниот план се однесува на штедење, рационално користење и заштита на природните ресурси, искористување на погодностите за производство и лоцирање на простори врзани со местото на одгледување или искористување. Потребно е да се води, меѓу другото, и единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне оптимизација во користењето на просторот, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката.

Изготвувањето на Просторниот план на Република Македонија има за цел да обезбеди услови за континуиран процес на планското насочување на просторниот развој преку

спроведување на основните поставки и насоки за идната просторна организација, уредување, користење и заштита на просторот на Република. При тоа дадени се повеќе поставки, мерки и инструменти и се дефинира политиката, поточно се дефинира во кои ситуации и на кој начин поставките, мерките и инструментите ќе бидат применувани.
Процентот на изграденост на локациите ќе биде во согласност со законската регулатива и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

Основни критериуми вградени во урбанистичкиот концепт на овој проект се:

- рационалност и економичност на решенијата од аспект на оптимално користење земјиштето и условите што тоа ги дава;
- почитување на постојните парцели и сопственост;
- усогласување на потребите на инвеститорот со можностите што ги дава согледаната состојба на теренот.

3. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

3.1. Географска положба

Општината Новаци е значајна општина во Битолското поле, односно југозападниот дел на рамницата Пелагонија. Општината е крстосница на регионалните патишта: патот Битола-Новаци- Маково, го поврзува битолскиот дел на Мариово, исто така југоисточно од Новаци патот што води кон селата Брод и Бач, а на север кон Добрушево- Тополчани- Прилеп. Новаци секогаш претставувало центар на управна единица.

Во рамките на општината живеат околу 3500 жители, со густина 4,7 на 1 km^2, со што е најретко населена општина во Република Македонија. Брои 1125 домаќинства, со просечно 3,6 членови по домаќинство.

Поголеми индустриски објекти во општината се: Рударско- енергетскиот комбинат Битола, Земјоделскиот комбинат Пелагонија, Фабриката за производство на енергетски машини и турбини ФОД и други. Основни стопански гранки се: поледелство, сточарство, пчеларство и други. Се одгледуваат житни растенија и разни фуражни и градинарски култури, крупен и ситен добиток и живина.



Слика 9: Местоположба на општината во однос на другите општини во Републиката

Општината Новаци зафаќа површина од 773 km^2 во јужниот дел на Република Македонија и се наоѓа на надморска височина од 580 m, на географска ширина од 41° 2′ 40′′ и географска должина 21° 27′ 40′′.

Општината брои 41 село, од кои 34 рамничарски и 7 ридско- планински. Општинскиот центар од најблискиот град Битола е оддалечен 11 km. Општината е петта општина во Република Македонија според големина на обработливо земјиште– располага со 22 905 хектари обработливо земјиште. Исто така, општината има 28 952 хектари пасишта и 17 000 хектари шуми.

Теренот на кој се наоѓа предметната локација е ридест предел со надморска височина од 939 до 1106 метри.

3.2. Геолошки карактеристики

Општина Новаци спаѓа во Пелагонискиот регион, а во тектонски поглед, поширокиот реон припаѓа на крупна геотектонска единица западно– македонска зона. Најстарите карпи во западно- македонската зона имаат прекамбриска старост, а се застапени во рамките на магматскиот комплекс, составен од гранодиорити, шкрилести гранодиорити, сиенити и гранити. За денешниот изглед на теренот, значајни се геолошките процеси во тек на квартер, кога е формирана делувијалната покривка над основните карпи, глацио флувијалните седименти констатирани во подножјето на планината Баба во вид на венец широк неколку километри и алувијалните седименти во долините на поголемите реки, но максимално се оформени во широката Пелагониска котлина.



Слика 10: Поделба на геотектонски единици на Р Македонија

Сите фази на геолошкиот развој имале крајно влијание врз формирањето на денешната состојба на теренот, што се манифестира во денешниот релјеф. Респектирајќи го геолошкиот состав, тектонскиот склоп, процесите на седиментација и магматска мобилност како основни природни предиспозиции во создавањето на рудните лежишта, наоѓалишта и рудни појави, на територијата на Македонија се издвоени шест основни рудни реони, од кои анализираниот простор припаѓа на Кенозојските седиментни басени кои се најмладите езерски седиментациони басени, со различна кенозојска старост и различна литолошка и геотектонска градба. Приоритетни суровини за геолошко истражување во Кенозојските седиментни басени се: метали, неметали, води и енергетски суровини.

Подрачјето на општината опфаќа делови од планините Нице (со врвовите Кајмакчалан на висина од 2520m, Нице на висина од 2361m и Добро Поле на висина од 1815m), Селечка планина и Дрен.

Во корелација со геолошкиот развој на теренот и геолошките процеси се и сеизмотектонските карактеристики на просторот. Во однос на сеизмолошката активност на теренот, поширокиот регион околу општина Битола спаѓа во терени изложени на чести и силни земјотреси. Според Меркалиевата скала, подрачјето според постојната карта на сеизмичка реонизација во мерка 1:500.000 припаѓа кон зона со интензитет I = 7° MCS.



Слика 11: Намена и користење на земјиштето во Р Македонија

3.3. Климатски карактеристики

Климата на подрачјето на општината е умерено- континентална, со одредени специфичности: според температурните вредности е континентална, а според врнежите е до извесен степен медитеранска. Во мариовскиот регион е планинска, додека по течението на Црна река се чувствува влијанието на медитеранската клима. Подрачјето за кое се изготвува предметниот инфраструктурен проект, како и целата општина, се наоѓа во подрачје на умерено- континентална клима, со изразени годишни сезони, додека на планините се чувствува планинска клима. Зимата е влажна и студена, а летото топло и суво.

а) Врнежи

Поради посебните орографски услови, во Пелагонија има помалку врнежи и не се рамномерно распоредени. Просечната годишна количина на врнежи изнесува 598mm и истата не е поголема од 800mm, со 119 врнежливи денови во годината. Изразени се и сушните периоди, но најчесто со кусо траење од 10-15 денови, со најдолготрајната од 60 денови. Снежниот покривач се јавува од октомври, заклучно со април. Просечно годишно се јавуваат 34-36 денови со снежен покривач, а максимумот го достигнува во јануари. Максималната висичина на снегот е од 60-65cm.

б) Влажност

Релативната влажност на воздухот изнесува: во зимските месеци 81,3%, во пролетните месеци 67%, во летните месеци 57,7%, а во есенските месеци 71,7%, или 69,42% на годишно ниво.

в) Температура

Регионот се одликува со неповолни топло- климатски специфичности, односно во зимските месеци со доста ниски температури, а во летните со прилично високи. Најстуден месец е јануари, со просечна месечна температура од 0,6°C, но со апсолутна минимална температура од -30,4°C. Вкупната температурна промена на релација поле планина е од 20-30°C. Најтопол месец е јули, со средна месечна температура од 22.2°C и со апсолутно максимална температура од 41,2°C. Апсолутното годишно варирање на температурата на воздухот изнесува 71,6°C што е специфика на подрачјата со континентална клима. Температурата има специфика на континентална клима, додека врнежите на сушна изменето- медитеранска или степска клима која, на моменти, има пробиви и на жешки воздушни маси од Северна Африка- Сахара. Во зимските месеци просечниот процент на сончеви денови изнесува 12,3%, во пролетните месеци изнесува 28,3%, во летните месеци 43%, а во есенските 24,3%.

Како куриозитет е податокот дека изохазмата 0,1 минува на секои 10 години, што значи дека на секои 10 години на небото може да се забележи поларна светлина.

г) Ветрови

Во Пелагонискиот регион преовладува северниот ветер со просечна годишна зачестеност

од 189‰, просечна годишна брзина 2,2m/sec и максимална брзина до 15,5m/sec. Втор по зачестеност е јужниот ветер, просечно 134‰, просечна годишна брзина од 3,7m/sec и максимална брзина до 18,9m/sec. Северозападниот ветер е исто така зачестен, просечно 83‰, просечна брзина од 2,4m/sec и максимална брзина до 18,9m/sec. Југоисточниот ветер е со зачестеност од 68‰, просечна брзина од 2,7m/sec и максимална брзина до 18,9m/sec. Североисточниот ветер е со зачестеност од 63‰, просечна брзина од 2,7m/sec и максимална брзина од 18,9m/sec. Североисточниот ветер е со зачестеност од 63‰, просечна брзина 2,2 m/sec и максимална брзина до 15,5m/sec. Западниот ветер е со зачестеност од 61‰, просечна брзина 3,5m/sec и максимална брзина до 22,6 m/sec. Југозападниот ветер е со зачестеност од 41‰, просечна брзина од 2,4m/sec и максимална брзина до 15,5m/sec. Со најмала зачестеност е источниот ветер, просечно 22‰, просечна брзина од 1,7m/sec и максимална брзина до 15,5m/sec.

Честото проветрување и релативно високите температури овозможуваат зголемување на условите за испарување од слободна водна и почвена површина, т.е. се создаваат услови за зголемување на потенцијалното испарување. Просечното испарување изнесува 855 l/m². Пелагонија се одликува и со појави на локални струења кои во летните месеци делуваат освежително.



Слика 12: Ружа на ветрови во Пелагонискиот регион

д) Температура на почвата

Температурата на почвата на длабочина од 5cm се зголемува од јануари до јули, а потоа се намалува до декември. На површинскиот слој средната месечна температура е со најмала вредност во јануари, просечно 1,4°C, а со најголема вредност во јули, просечно 23,1°C.

ѓ) Појава на магла

Просечно годишно се јавуваат 25 денови со магла. Таа се јавува од септември заклучно со мај. Во некои години таа се задржува и по неколку денови непрекинато.

3.4. Биодиверзитет и природни карактеристики

Основен тип на генетско земјиште во Пелагонија се смолниците, кои настанале на езерската тиња по истекувањето на некогашното Пелагониско езеро. Количеството на хумусот се движи од 2 до 4,5%. Овие почви се искористуваат за житни индустриски и градинарски култури. Наслагите од алувијални почви се движат од десеттина сантиметри до неколку метри. Хумус содржат 0,42-3,62%. На алувијалните почви е концентрирано производство на градинарски и индустриски култури. Делувијалните почви се наоѓаат на периферијата на градот. Тоа се млади почвени типови со мал процент на хумус 1-2% на кои им е потребно ѓубрење. Црвениците се раширени по периферијата и тоа најповеќе спрема селата Брусник, Лавци, Буково, Крстоар, помалку спрема Дихово и Братиндол. Содржината на хумусот се движи од 1,18-3,96% и се одликуваат со помала плодност.

Намалената употреба на агротехничките мерки во земјоделието во Пелагонискиот регион, како последица на економските прилики, се смета за позитивен фактор при зачувување, односно намалување на загадувањето на почвите од минералните ѓубрива и пестицидите.

Во Општина Новаци не постојат документирани податоци за квалитетот на почвата, но земајќи ја во предвид близината на РЕК Битола како и наводнувањето на дел од земјоделските површини со загадени води од Петтиот канал, може да се заклучи дека голем дел од почвата е со нарушен квалитет.

Исто така, во Пелагониската котлина, особено на подрачјето на општина Новаци проблемот со ерозија е многу застапен. Се манифестира во вид на површинско излевање на земјиштето како и продлабочување на поројните корита, суводолици, ровови, бразди и слично. Пелагонија како езерска котлина и бочните езерски долини се поволни терени за штетно дејство од ерозија и порои. На преминот на падините и котлината, се наоѓаат езерски и речни тераси, низ кои усекуваат пороите и го однесуваат тој нанос со кој се затрупува плодното земјиште. Во Битола многу голем проблем е површинската ерозија. Падините се стрмни и на нив растителната покривка е деградирана или уништена. Подрачјето на Битола, се одликува со големи температурни разлики од -35°C до + 45°C , кои исто така влијаат врз ерозивните процеси. Со цел, да се заштити подрачјето од ерозивни процеси во периодот од 1960 година до 1975 година, се вршело пошумување како мерка за заштита од ерозија. Исто така, на подрачјето на Битола во близина на регионалниот пат Прилеп-Битола- Ресен, кај месноста „Бајро" се забележуваат знаци на појава на ерозија.

Флора и фауна

За утврдување на биолошката разновидност на определената локацијата и опис на живеалиштата заснован на доминантните растителни и животински видови користени се податоци од Студијата за состојбата со биолошката разновидност во Република Македонија.

Според Локалниот економски развој на општина Новаци, земјоделското производство е од големо значење за пелагонискиот регион. Имајќи го во предвид рамничарскиот и ридско планинскиот релјеф, со кој во голема мера се одредува карактерот на земјоделското

производство во кое преовладува: сточарството (говедарство, овчарство, козарство и свињарство), живинарството (кокошки) и пчеларство, поледелство: житните култури (пченица, јачмен, рж, овес и пченка), индустриските (сончоглед, маслена репа, тутун, шекерна репа и друго), фуражните култури, (пченка силажа, луцерка, експарзета, сточен грашок, граорица, вештачки ливади и др.), нивските култури (компир, бостан, грав и друго), градинарските (домат, пиперка, кромид, зелка и др.) овоштарството (јаболко, праски, кајсии, сливи, вишни и друго), лозарството (вински и трпезни сорти), печурки, природни ливади и пасишта. Од ова може да се заклучи дека аграрот во битолскиот регион, дава големи можности за развој на стопансвото, со отварање на нови работни места, остварување на финансиски ефекти и добар стандард на населението во руралните средини.

Ридските пасишта се развиваат на висински појас од 80-1000 метри, на хетерогена геолошка подлога. Тие најчесто имаат секундарно потекло и настанале главно со уништување на шумите од низинскиот појас. Дабовиот регион се простира во низинските и ридските предели до околу 1100 метри надморска височина. Во овој регион се развиваат климазонални, најчесто термофилни дабови шуми како и орографско- едафско и хидролошко условени шумски заедници и шибјаци (шуми на даб (Quercus), врби (Salix alba), тополи (Populus nigra), платан (Platanus orientalis), полски јасен (Fraxinus angustifolia) смрека (Juniperus), топола (Populus), бреза (Betula verucosa), капина (Rubus).

На територијата на Општина Новаци се застапени голем број разновидни лековити растенија и печурки, како што се вргањот (Boletus pinicola, Boletus edulus, Boletus aereus) и лисичарката (Cantharellus cibarius), но нивното собирање не е организирано и контролирано. Заради тоа тие стануваат загрозени видови како резултат на овие активности. Точна евиденција на собирачите во државата нема ниту за откупените свежи количини, така да не се обезбедени услови за одржлив начин на користење и заштита на овие загрозени растителни видови. На дел од површините може да се сретнат растенија како што се: треви (Senecio vulgaris), вратика (Lolium tempoletum) Glebonis segetum, булка (Papaver rhoeas), љубичица (Viola sp), бодлика (Cirsium arvense), глуварче (Teraxacum officinale), тегавец (Plantago spp), ливадска трева (Poa spp.).

Регионот има богат животински свет. Забележано е присуство на волк (*Canus lupus*) и мечка (Ursus arctos) кои се видени од локалните жители, во поширокото подрачје на локацијата.
Од птиците, најдоминанти се див гулаб (*Columbia livia*), чавка (*Pica pica*) и врапче (*Passer montanus*). Од зимските преселници се забележуваат сколовранецот (*Sturnus vulgaris balcanicus*), вранатa (*Corvus cornix*) и чавката (*Corvus monedula*). Можно е на подрачјето да се присутни еребица камењарка (*Alectoris graeca*) и полска еребица (*Perdix perdix*), како и степската ветрушка (*Falco naumanni*).

Врз основа на постоечката документација која се однесува на животинскиот диверзитет во регионот, во следната табела се прикажани сите видови чие што присуство би било можно во овој регион.

Вид	Народно име	Вид	Народно име
Водоземци			
Pelobates syriacus balcanicus	Балканска лукова жаба	*Bufo bufo*	Голема кластава жаба
Salamandra salamandra	Шарен Дождовник	*Rana ridibunda*	Езерска жаба
Влечуги			
Testudo graeca	Полска желка	*Lacerta trilineata*	Зелен гуштер
Testudo hermanni	Ридска желка	*Podarcis erhardii*	Македонски гуштер
Podarcis taurica	Полски гуштер	*Coluber caspius*	Жолт смок
Coluber gemonensis	Балкански смок		
Птици			
Corvus monedula	Чавка	*Passer domesticus*	Домашно врапче
Pica pica	Страчка	*Passer montanus*	Полско врапче
Garrulus glandarius	Сојка	*Sturnus vulgaris*	Сколовранец
Corvus frugilegus	Полска врана	*Hirundo rustica*	Селска ластовица
Corvus corax	Гавран	*Delichon urbica*	Градска ластовица
Upupa epops	Пупунец	*Cuculus canorus*	Обична кукавица
Bubo bubo	Буф	*Coturnix coturnix*	Потполошка
Columba oenas	Горски гулаб	*Columbia livia*	Див гулаб
Columba palumbus	Гулаб гривнеж	*Streptopelia decaocto*	Гугутка
Alectoris graeca	Еребица камењарка	*Falco subbuteo*	Сокол ластовичар
Falco tinnunculus	Обична ветрушка	*Falco naumanni*	Степска ветрушка
Perdix perdix	Полска Еребица	*Ciconia ciconia*	Бел штрк
Streptopelia turtur	Грлица		
Цицачи			
Lepus europaeus	Див зајак	*Sciurus vulgaris*	Верверица
Microtus rossiaemeridionalis	Обична пољанка	*Crocidura suaveolens*	Градинарска ровчица
Vulpes vulpes	Лисица	*Talpa europaea*	Обична кртица
Mustela nivalis	Невестулка	*Mustela putorius*	Обичен твор
Canis lupusб	Волк	*Ursus arctos*	Мечка

Табела 2: Видови чие што присуство би било можно во овој регион

Иако Македонија е земја со богата флора и фауна, сепак се уште не е изработена Црвената листа на видови под закана. Заради тоа, одредување на категорија на степен на закана за одредени видови се врши со помош на следните документи:

- Директива за природни живеалишта 92/43/ЕЕС
- Директива на советот 92/43/ЕЕС за заштита на природните живеалишта на
- дивата фауна и флора
- БЕРН: Конвенција за заштита на дивиот растителен и животински свет и нивните природни живеалишта во Европа.
- IUCN црвена листа на видови под глобална закана(2007 год.).

Видови под закана се оние видови валоризирани како Критично загрозени (CR); Загрозени (EN) и Ранливи(VU).

НАУЧНО ИМЕ	ЗАКОНСКА ЗАШТИТА		IUCN Глобална категорија на закана
	92/43	Берн	
Bufo viridis	IV	II	-
Pelobates syriacus balcanicus	IV	II	-
Testudo hermanni	II/IV	II	LR/NT
Testudo graeca	II/IV	II	VU
Podarcis taurica	IV	II	-
Podarcis erhardii	IV	II	-
Coluber caspius	IV	II	-

Табела 3: Статус на закана на видови рбетници во регионот

Научно име	Законска заштита		IUCN Глобална категорија на закана
	92/43	Берн	
Bufo viridis	IV	II	-
Pelobates syriacus balcanicus	IV	II	-
Testudo hermanni	II/IV	II	LR/NT
Testudo graeca	II/IV	II	VU
Podarcis taurica	IV	II	-
Podarcis erhardii	IV	II	-
Coluber caspius	IV	II	-

Табела 4: Статус на закана на видови рбетници во регионот

Врз основа на табеларниот приказ на видовите рбетници во испитуваното подрачје, а во согласност на европските рамки, може да се уочи дека видови под закана се претежно претставници на водоземци и влекачи, заради деструктивното однесување на антропогениот фактор, односно заради фрагментирање на нивните живеалишта. Посебно загрозени видови се ридската желка (Testudo hermanni) и полската желка (Testudo graeca), кои се егистрирани според листата на IUCN глобална категорија на закана како ранлив вид (Testudo graeca), односно блиску до вид под закана (Testudo hermanni).

Со оглед на фактот дека за птиците постојат дополнителни директиви и конвенции за нивната заштита, одредување на степенот на нивната загрозеност се одредува врз база на следните директиви, конвенции, документи:

- Директива за птици 79/409/EEC
- БЕРН: Конвенција за заштита на дивиот растителен и животински свет и природните живеалишта во Европа
- БОН: Конвенција за заштита на миграторни видови диви животни
- IUCN црвена листа на видови под глобална закана.

Врз основа на претходните опсервации утврдени се неколку видови на птици кои се заштитени со Бонската и Бернската конвенција, а имаат живеалишта или се присутни во регионот каде што ќе се гради хидро електричната централа. Преглед на утврдените птици

кои се под законска заштита согласно Директивата 79/409, Бернската, Бонската конвенција и IUCN глобална категорија на закана е даден во табела.

Име	Законска заштита			IUCN Глобална категорија на закана
	92/43	Берн	Бон	
Ciconia ciconia	I	II	II	-
Falco naumanni	I	II	I	VU
Bubo bubo	I	II	-	-
Falco subbuteo	-	II	II	-
Falco tinnunculus	-	II	II	-
Falco peregrinus	I	II	II	-

Табела 5: Птици под законска заштита

Од птиците регистрирани во рамките на испитуваното подрачје може да се одреди дека Степската ветрушка (*Falco naumanni*) е вид кој спаѓа во категоријата VU (ранлив вид), според IUCN Црвената листа на видови под глобална закана. Дел од регистрираните видови на птици во рамките на испитуваното подрачје се заштитени со закон преку Бернската Конвенција односно со Бонската конвенција како што е пример со степска ветрушка (*Falco naumanni*).

На делот од предметниот опфат на локацијата, на неизградената површина нема значајни видови на флора и фауна.



Слика 13: Подрачја на заштита на животната средина

3.5. Хидролошки карактеристики

Хидролошките карактеристики на општината и поширокиот регион се следните: селата Новаци, Добромири и Рибарци се поврзани на водоводната мрежа од водоводот на град Битола. Во селата Горно Агларци, Долно Агларци, Далбеговци, Гермијан, Бач, Живојно, Брод и Скочивир изградена е локална водоводна мрежа со резервоари со пумпи. Селата Старавина, Градежница, Будимерци и Зовиќ се приклучени на регионалниот водовод „Мариово", Селата Рапеш, Маково, Орле и Груништа имаат локални водоводи.

Врнежите се одраз на медитеранско климатско влијание на овој елемент. Летните месеци се со малку врнежи, а доцните есенски се најврнежливи. Максимумот е во ноември 73мм и во декември 68мм воден талог, а минимумот е во јули 32мм и август 34мм. Просечно годишно на ова подрачје паѓаат 610мм врнежи. Врнежите се најчесто од дожд, просечно 70-80%, а снегот е ограничен во зимските месеци. Просечно годишно има 30 денови со снежен покривач чија максимална дебелина е забележана од 63см. Мразниот период е долготраен, во просек започнува во октомври, а завршува во мај, но стварниот број на мразни денови е значително помал од деновите на просечниот мразен период. Првиот есенски ден со мраз е 25 октомври, а последниот пролетен ден со мраз е 8 април. Просечната релативна влажност на воздухот изнесува 75%.

Реки кои проаѓаат низ општината се: Црна река, Градешка река, Бела Река, Елешка река, Коњарка, Сатока и други. Постои и едно вештачко езеро на РЕК Битола, како и минерални извори во Гермијан и Мецитлија.

3.6. Сообраќајна поврзаност

Во рамките на општината патната комуникација се изведува преку општински и регионални патишта. Жителите на општината со центарот на општината Новаци и Битола се поврзани со автобуски сообраќај.

Регионални патни правци се:

* Р-509 - Битола- Новаци- Маково- Старавина, во вкупна должина од 53 км (40 се асфалтирани, од Рапеш до Старавина во должина од 13 км се само тампонирани);
* Р-510 - врска М 5- Кременица- Бач- Скочивир- Старавина, во вкупна должина од 55 км (30 км е асфалтиран, 25 км е макадам);
* Р-120 - Тополчани- Добрушево- Новаци- Брод, во вкупна должина од 40 км (22 се асфалтирани, 18 км на потегот до Новаци е макадам);
* Р-531 - Брод- Гнеотино, во должина од 11 км е земјен пат.

Локална патна мрежа :

- 20,5 км асфалтирани патишта;
- 25 км тампонирани;
- 91 км земјен пат.

Локални улици :

- 13 км асфалт;
- 6 км тампонирани;
- 58 км земјен пат.

3.7. Комунална инфраструктура

Дел од населените места на општината Новаци се поврзани на градската водоводна мрежа, на водоводот од Битола, како што се селата Новаци, Добромири и Рибарци, а дел имаат изградена локална водоводна мрежа (Горно Агларци, Долно Агларци, Далбеговци, Гермијан, Бач, Живојно, Брод и Скочивир). Селата пак Старавина, Градежница, Будимерци и Зовиќ приклучени се на регионалниот водовод „Мариово“, а селата Рапеш, Маково, Орле и Груништа имаат локални водоводи.

Населените места во општина Новаци се покриени со телефонска мрежа, а со исклучок на селата Брник и Груништа, во останатите има електрична мрежа.

Во рамките на општината Новаци се наоѓа најголемиот басен на јаглен- Суводол со геолошки резерви од 195 милиони тони.



Слика 14: Енергетика и енергетска инфраструктура

3.8. Демографски карактеристики

Во рамките на општината живеат околу 3500 жители, со густина 4,7 на 1 km², со што е најретко населена општина во Република Македонија. Брои 1125 домаќинства, со просечно 3,6 членови по домаќинство.

Распореденоста на населението во населените места во општината е следната:
Балдовенци е наполно раселено, додека во **Бач** живеат околу 160 жители. Селото **Брод** има 25 жители, додека **Будимирци, кое што** се наоѓа на десната страна на Црна Река, брои околу 90 жители. Селото **Гермијан** се наоѓа на крајниот јужен дел од Битолското поле, и во 2006 година имало 220 жители. **Гнеотино,** коешто е населба во алувијалната рамнина на Црна Река, има околу 25 жители, а во **Горно Агларци** живеат околу 160 жители, додека во **Долно Агларци** 146 жители. **Градешница** е развиена населба, со развиено воденичарство и трговија, позната по популарните анегдоти за Итар Пејо и во неа живеат околу 60 жители. Во Грунишки дол, од десната страна на Црна река се наоѓа селото **Груништа**, со голем атар од 18,2 км² и околу десетина жители. **Далбеговци** се наоѓа во северниот дел на Битолското поле и во 2006 година броело 66 жители. Во крајниот југоисточен дел на Битолското поле е **Добровени**, со околу десетина жители. **Добромири** е рамничарско село со околу 400 жители, додека **Долно Орехово,** кое што се наоѓа на источната страна на Битолското поле, брои околу 30 жители. **Живојно** се наоѓа во најјужниот дел на државата, со атар од околу 30 км² и брои околу 200 жители. **Зовиќ** е стара мариовска населба која е поделена на два дела, стара и нова населба.

Ивени е планинско село, со само неколку жители. **Маково** се наоѓа на влезот на јужно Мариово, на надморска висина од 850 метри, брои околу 45 жители. **Мегленци** е мала селска населба во источниот дел на Битолското поле, со десетина жители. Општинскиот центар **Новаци** е развиена рурална населба, која отсекогаш била централна населба во регионот и брои 3549 жители. **Орле** се наоѓа на падините на Селечка планина, со околу десетина жители. **Паралово** е во источниот дел на Битолското поле, кое е скоро целосно раселено. Селата **Петалино** и **Полог** се веќе згаснати села.

Рапеш е стара мариовска населба која денес брои околу 50 жители. Се наоѓа на источната падина на Селечка планина. **Рибарци** е сместено во средиштето на Битолското поле, брои околу 80 жители. **Скочивир** е постара населба, на надморска висина од 600 м, со околу десетина жители. **Сливица** во 2006 година броело само 3 жители, додека **Сович** е веќе раселено село.

Старавина се наоѓа на надморска висина од 850 метра и во неа живеат 316 жители. Селото **Тепавци** брои околу десетина жители, сместено е во југоисточниот дел на Битолското поле.

3.9. Квалитет на амбиентален воздух

Мерењето на параметрите, индикатори на квалитетот на амбиентниот воздух во Р Македонија го вршат три институции, кои имаат поставено свои мониторинг мрежи на различни локации. Институциите кои вршат мониторинг се:

- Национална мрежа на Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП);
- Мрежата на Заводот за здравствена заштита (ЗЗЗ) и регионалните подружници за следење на квалитетот на воздухот во поголемите градови во Р. Македонија;
- Мрежата на Управата за хидрометеоролошки работи (УХМР), која е во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

При анализа на состојбата на квалитетот на воздухот, како еден од главните медиуми во животната средина, земени се во предвид индустриската развиеност на општините, состојбата со сообраќајот, начинот на затоплување на живеалиштата, типот и количините на употребените горива, како и степенот на спроведени мерки и активности за следење и спречување, односно намалување на загадувањето на воздухот.

Исто така, климатските услови на територијата на општините се земени во предвид.



Слика 15: Мониторинг станици за амбиентален воздух

Мониторинг мрежата на МЖСПП со која управува Македонскиот информативен центар за животна средина (МИЦЖС) е автоматска мрежа за следење на квалитетот на амбиентниот воздух. Останатите две мрежи работат мануелно.

Во изминатиот период мерења на квалитетот на воздухот се вршени во повеќе градови од Р Македонија, од страна на Заводите за здравствена заштита и Управата за хидрометеоролошки работи кои вршеа мерења на сулфур диоксид и чад.

Оцена на квалитетот на амбиентниот воздух врши Министерството за животна средина и просторно планирање врз база на резултатите добиени од извршените мерења.

Имајќи ги во предвид бројот, типот и капацитетот на застапената индустрија и другите деловни субјекти во општина Новаци, како и бројот на возила и интензитетот на патниот и авионскиот сообраќај, како и употребата на нафтата, нејзините деривати и дрвото како енергетски ресурси, генерално може да се каже дека аерозагадувањето е во рамки на дозволените концентрации на загадувачки супстанции во воздухот.

Имплементацијата на проектот не се очекува дополнително да го влоши квалитетот на воздухот на поширокиот локалитет поради типот на градба во рамките на опфатот. Сепак Планот треба да предвиди места на кои редовно ќе се мери квалитетот на амбиенталниот воздух, а плановите за управување со животната средина за секој поодделен објект-капацитет во рамките на локацијата ќе се утврди дополнително, преку посебните Идејни проекти за секој поединечен корисник- субјект во зоната и елаборатите за заштита на животната средина.

3.10. Квалитет на води

Околината на Битола, каде спаѓа и општина Новаци, ги опфаќа подрачјата на поголемите водотеци Шемница и Драгор со своите притоки (Диховскиот Драгор и Братиндолскиот Драгор) како и водотеците од Баба Планина: Кишавска, Граешка, Остречка, Злокуќанска и Стара Река, кои припаѓаат на сливот на Црна Река. Во близина на врвот на планината Баба–Пелистер се наоѓаат две леднички езера, повеќе познати како „Пелистерски очи"– Големо и Мало езеро.

Рационалното искористување, одржување и заштитата на водените ресурси е основа за развој на општеството. Сливовите на реките, акумулациите, езерата, изворите и подземните води, односно сите водни ресурси, како база за потрошувачите, водоснабдувањето на населението, индустријата, енергетиката и наводнувањето, се изложени на процеси на загадување. Површинските води се загадуваат од директно испуштање на ефлуенти, од аероседименти, додека подземните води се загадуваат посредно, како резултат на продирање на загадувачки материи во почвата.

Водоснабдувањето подразбира обезбедување на висококвалитетна вода за задоволување на потребите од вода за пиење, комунални потреби, противпожарни потреби, потреби за производство итн. За намирување на потребите од вода значаен ресурс се подземните води – аквифери, формирани главно во котлините. При обезбедување на потребните количини на вода потребна е примена на активности кои ќе обезбедат:

- квалитетно и економично водоснабдување;
- намалување на загуби;
- рационално користење на водите.

Бидејќи изворниците на вода и водостопанските системи, во однос на другите системи, имаат построги барања во поглед на развој и заштита, при изградба на објектите со цел да се задржи квалитетот на водата потребно е поставување на другите објекти подалеку од изворите на вода.

Состојбата на квалитетот на водите во Република Македонија укажува на веќе нарушена природна рамнотежа во водотеците, како последица од загадувањето на реките со органски материи, тешки метали и одредени посебни загадувачи (пестициди, токсични и органски соединенија). Загадувањето е особено големо низводно од градовите, како резултат на испуштањето на непречистени комунални и индустриски отпадни води. Нивото на загаденост на делниците на водотеците кои минуваат низ помалку населени подрачја е нешто пониско.

Природните и вештачките водотеци, делниците на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води, чии води според намената и степенот на чистотата се распоредуваат во класи, согласно Уредбата за категоризацијана водите, се делат на пет категории. Во I категорија се распоредуваат водотеците чии води мораат да ги исполнуваат условите на I класа, во II категорија условите на II класа, во III категорија условите на III класа, во IV категорија условите на IV класа, а во V категорија се распоредуваат водотеците чии води мораат да ги исполнуваат условите на V класа.

Националната мрежа за следење на квалитетот на површинските води е дадена на следната слика.



Слика 16: RIMSYS станици за мониторинг на водотеци

Податоците од 2006 год. кои се обработени од страна на Македонскиот информативен центар при Министерството за животна средина и просторно планирање покажуваат отстапување на квалитетот на водата на реката Црна во поглед на квалитет пропишан со Уредбата (II класа на малку загадена, мезотрофична вода). Отстапувањата се во поглед на вредностите на растворен кислород, БПК 5 , концентрацијата на нитрити и вредноста на сапробниот индекс кои ја класифицираат реката Црна во III класа (умерено еутрофична вода која има оптоварување со штетни супстанци и микробиолошко загадување). Во однос на содржината на тешките метали Fe, Mn, Zn, Cd како и јоните на Ni, Cu, Cr 6+ и Pb реката Црна е со олиготрофен– мезотрофен карактер и припаѓа на вода со класа I и II.

Карактеристично е дека од сите мерења извршени во 2006 год. на мерното место Скочивир, во однос на биомониторингот, 75% од примероците покажуваат квалитет со водата од II класа, а 25% од примероците се со квалитет на III класа.

Во водостопанското подрачје „Пелагонија“, регистрирани се вкупно 660 извори од кои 4 се регистрирани како извори со значајна штедрост. Најголема штедрост има изворот на Црна река– Црна Дупка со штедрост од 1170 l/s. Динамиката на користењето на подземните води мора да биде усогласена со барањето на долгорочна експлоатација, без влошување на квалитетот.

Согласно определбите на Просторниот план на РМ, идниот развој и разместеноста на сите стопански дејности на овој простор треба да базира на примена на принципите и стандардите за заштита на животната средина, особено нивна превентивна примена и спречување на негативните влијанија врз животната и работната средина.

Во подрачјето на планскиот опфат нема водоводна и канализациона мрежа, како и инсталации на ЈП „Стрежево“.

3.11. Управување со отпад

Управувањето со отпад е прикажано низ системот за отпад во најголемиот регионален центар и Пелагонискиот плански регион.

Во градот Битола за собирање на отпадот се грижи комуналното претпријатие ЈП „Комуналец”- РЕ Комунална хигиена, кое врши изнесување, транспортирање и депонирање на комуналниот отпад од индивидуални корисници и правни субјекти на територијата на Општина Битола. Просечното дневно количество на собран комунален отпад за 2008 год. изнесува 80 тони.

Организирано собирање на комуналниот отпад е застапено само во градот Битола и најблиските населби. Во сите останати рурални населби во општината нема организирано собирање и одведување на комуналниот отпад. Комуналниот отпад кој организирано се собира од општина Битола, се носи на депонијата Мегленци, која се наоѓа на 16 km

североисточно од Битола во непосредна близина на РЕК во Новаци. Дадената локација ги задоволува критериумуте за депонирање на комунален отпад за период од над 15 години.

Покрај оваа депонија, во општината се регистрирани и голем број на диви, нерегуларни депонии, како во руралните населби, така и во околината на градот Битола и целата Општина. Помалите места не се опфатени со организирано собирање на отпадот, па локалното население најчесто го фрла во близина на речните корита, суводолиците и други површини, па при дождови или надоаѓање на реките голем дел од овој отпад, преку локалните водотеци завршува во реките.

Различните анализи на создадениот комунален отпад покажуваат количина на создаден комунален отпад од околу 80 t/ден.

Селата во околината на предметниот локалитет не се опфатени со организирано собирање на отпадот од страна на ЈП„Комуналец“- РЕ Комунална Хигиена.

4. СОСТОЈБА БЕЗ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ

За да се предвидат сите слабости кои може да настанат од имплементација на планскиот документ и да се споредат сите придобивки, најпрвин треба да се разгледа таканаречената business as usual/ do nothing сценарио, или состојба без имплементација на планскиот документ. Заради тоа, овој дел од Извештајот се однесува на развојот во рамките на планскиот опфат без имплементација на предвидениот плански документ.

Состојбата без имплементација на планскиот документ подразбира иднина на подрачјето на планскиот документ без имплементација на планираните активности од планскиот документ, односно продолжување на актуелната состојба онаква каква што е сега во моментот.

Во конкретниот случај, доколку не се донесе планската документација за изградба на мала хидроелектрана, со пропратни објекти на водотекот на река Коњарка, општина Новаци, се очекува да продолжат следните трендови:

- Економскиот развој на општината ќе стагнира;
- Инфраструктурниот развој на подрачјето ќе биде ограничен;
- Животниот стандард на населението во општината ќе остане на исто ниво или ќе опаѓа;
- Стагнација на одржливиот развој;
- Приходите во буџетот на општината ќе бидат намалени;
- Трошоците за увоз на струја ќе се зголемат;
- Намалување на интересот на инвеститорите за инвестирање во општината и пошироко;
- Отсуство на вработувања при реализација и одржување на објектот и др.

Доколку не дојде до имплементација на овој плански документ, односно предвидената градба не се реализира, ќе се сочува постојната состојба на животната средина и нема да настанат промени на карактеристиките на пределот во ова подрачје.

5. ЦЕЛИ НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Во подготовката на извештајот земени се предвид целите на заштита на животната средина одредени на национално и меѓународно ниво, а кои се релевантни за планскиот документ.

Во рамки на националната правна рамка, земени се целите одредени во следните национални документи релевантни за планскиот документ:

- ✓ Втор национален еколошки акционен план на РМ (2006 год.);
- ✓ Национална стратегија за одржлив развој;
- ✓ Просторен план на РМ (2004 год.);
- ✓ Закон за животна средина (Сл. весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10,124/10, 51/11 и 123/12);
- ✓ Закон за управување со отпад (Сл. весник на РМ бр. 09/11- пречистен текст и 51/11);
- ✓ Закон за квалитет на амбиентен воздух (пречистен текст) (Сл. весник на РМ бр. 100/12);
- ✓ Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл. весник на РМ бр. 79/07, 124/10 и 47/11);
- ✓ Законот за заштита на природата (Сл. весник на РМ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11 и 59/12);
- ✓ Закон за водите (Сл. весник на РМ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11 и 44/12);
- ✓ Закон за спроведување на просторен план на РМ (Сл. весник бр. 39/04);
- ✓ Закон за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 60/11- пречистен текст и 144/12);
- ✓ Закон за градење (Сл. весник бр.39/12- пречистен текст и 144/12);
- ✓ Закон за јавна чистота (Сл. весник на РМ бр.130/10- пречистен текст, 23/11, 53/11 и 80/12);
- ✓ Закон за комунални дејности (Сл. весник бр.45/97, 23/99, 45/02, 16/04 и 5/09);
- ✓ Закон за енергетика (Сл. весник на РМ бр. 16/11 и 136/11);
- ✓ Национална стратегија за управување со отпад (2008-2020);
- ✓ Национален план за управување со отпад (2009 - 2015);
- ✓ Студија за состојбата со биолошката разновидност во Република Македонија (Прв национален извештај) 2003;
- ✓ Стратегија и Акционен план за заштита на биолошката разновидност на Република Македонија (2004);
- ✓ Стратешки план за локален економски развој на Општина Новаци 2008- 2013 година;
- ✓ Закон за заштита и благосостојба на животните (Сл. весник на РМ бр. 113/07);
- ✓ Закон за заштита и благосостојба на растенијата (Сл. весник на РМ бр. 25/98, 6/00);
- ✓ Закон за ратификација на Конвенцијата за биолошка разновидност (Рио, 1992) (Сл. весник на РМ бр. 54/97);
- ✓ Закон за заштита на културното наследство (Сл. весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11 и 148/11);
- ✓ Закон за шуми (Сл. весник на РМ бр. 64/09, 24/11 и 53/11);
- ✓ Закон за пасишта (Сл. весник на РМ бр. 3/98, 101/00, 89/08, 105/09, 42/10 и 116/10);
- ✓ Закон за земјоделско земјиште (Сл. весник на РМ бр. 135/07, 18/11, 148/11 и 95/12);

- ✓ Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр.142/10, 64/11, 98/11, 169/11, 45/12, 63/12, 126/12 и 19/13).

Меѓународна правна рамка:

- ✓ Кјото Протокол, 11 декември 1997;
- ✓ Јоханесбуршка декларација за одржлив развој, септември 2002;
- ✓ Европска перспектива за просторен развој, мај 1999;
- ✓ Рио Декларација за животна средина и развој, јуни 1992;
- ✓ Архуска конвенција, 25 јуни 1998 година;
- ✓ Директива на ЕУ за зачувување на природните живеалишта и на дивата фауна и флора (92/43/ЕЕЦ);
- ✓ Директива на ЕУ за зачувување за дивите птици (79/409/ЕЕЦ);
- ✓ Рамковна директива за вода (2000/60 /ЕЦ);
- ✓ Директива за нитрати (91/676/ЕЕЦ);
- ✓ Рамковна директива за квалитет на амбиентен воздух (96/62/ЕЦ);
- ✓ Рамковна директива за отпад (2006/12/ЕЦ);
- ✓ Рамковна директива за бучава (2002/49/ЕЦ);
- ✓ Директива за оценка на влијанието врз животната средина (85/337/ЕЕЦ);
- ✓ Директива за стратегиска оценка на животна средина (2001/42/ЕЦ);
- ✓ Европска Програма за климатски промени, Јуни 2000;
- ✓ ЕУ Политика за рурален развој, 2000;
- ✓ ЕУ Шестиот Акционен План за животна средина.

Во рамки на секундарното законодавство, земени се предвид сите постоечки подзаконски акти, релевантни за тематиките опфатени со горенаведените законски акти. Во делот на имплементација на постапката за стратегиска оцена на животната средина дадена во Глава X од Законот за животна средина, следните подзаконски акти се консултирани при подготовката на овој Извештај и спроведувањето на самата процедура за стратегиска оценка на предметниот плански документ:

- ✓ Уредба за стратегии, планови и програми вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето (Сл. весник на РМ бр.153/07);
- ✓ Уредба за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуки дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето (Сл. весник на РМ бр.144/07);
- ✓ Уредба за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина (Сл. весник на РМ бр.153/07);
- ✓ Уредба за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина (Сл. весник на РМ бр.147/08).

6. ВЕРОЈАТНИ ЗНАЧАЈНИ ВЛИЈАНИЈА ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Согласно упатствата дадени во Уредбата за содржината на извештајот за стратегиска оцена, извршена е анализа на влијанијата од имплементацијата на предвидениот плански документ. При тоа земени се предвид сите релевантни влијанија и нивните карактеристики: секундарни, кумулативни, синергистички, потоа краткорочни, среднорочни и долгорочни, трајни и привремени, позитивни и негативни.

Анализата подразбира разгледување на влијанијата на планскиот документ како целина и во поширок обем, од глобален, стратегиски аспект, без при тоа, да се разгледуваат поединечните проектни содржини опфатени со планскиот документ.

Пред изградба на поединечните проекти/објекти, кои влегуваат во состав на планската документација, ќе се пристапи кон подетална анализа на можните влијанија врз животната средина во конструктивна, оперативна и постоперативна фаза, согласно глава XI од Законот за животна средина (Сл. весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10,124/10, 51/11 и 123/12)- Барања за изработка на Оцена на влијанието врз животната средина на одредени проекти или согласно член 24 од истиот Закон.

Гледано во целина, при имплементацијата на Проектот за инфраструктура за изградба на мала хидроелектрана со референтен број 235, со пропратни објекти на водотекот на река Коњарка, општина Новаци, се очекуваат позитивни влијанија врз социо- економскиот развој на општината и пошироко, како што се:

- Поволни услови за производство на електрична енергија од обновливи извори;
- Зголемување на стабилноста во снабдување со електрична енергија;
- Создавање услови за отворање на нови работни места;
- Обезбедување услови за заштита на животната средина при редовно работење на оваа мини хидроелектрана.

Реализацијата на проектот за инфраструктура, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување, доколку е базирана врз принципите на одржлив развој и се одликува со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животна средина.

6.1. Влијание врз население и човеково здравје

Имплементацијата на Проектот за инфраструктура за изградба на мала хидроелектрана со референтен број 235, со пропратни објекти на водотекот на река Коњарка, општина Новаци, позитивно ќе влијае врз демографскиот развој. Влијанијата ќе бидат позитивни и долгорочни, затоа што етаблирањето на просторот ќе понуди нови инвестиции, а со тоа и

нови работни места за околното население, подобра социо- економска клима, зголемување на животниот стандард.

Во однос на човековото здравје на околното население, не се очекуваат значителни негативни влијанија заради предвидената класа на намена Е- инфраструктура (производство на електрична енергија од обновлив извор), што спаѓа во класи на намена со потенцијално мали можности за загадување на животната средина, а со тоа и влијание на човековото здравје.

Со имплементација на планскиот документ ќе дојде до одредени индиректни негативни влијанија врз населението, кои ќе бидат видливи преку тоа што рибниот фонд е можно да биде намален, блокирање на пристапните патишта, вознемирување кое ќе се појави како ефект од работата на градежната механизација, флуктуации на протокот на реката и др.

Во текот на изградбата на објектот, предвиден со овој Проект за инфраструктура, се очекуваат времени и локални влијанија во смисла на директни афектирања врз човековото здравје, како резултат на појавата на бучава, вибрации, емисии во воздухот од возилата, прашина итн. Нивниот интензитет и обем детално ќе биде анализиран со изработка на соодветните студии за оцена на влијанието на проектите врз животната средина и елаборатите за заштита на животната средина.

6.2. Влијанија врз социо- економска состојба

Имплементацијата на Проектот за инфраструктура за изградба на мала хидроелектрана со референтен број 235, со пропратни објекти на водотекот на река Коњарка, општина Новаци, позитивно ќе влијае врз социо - економската состојба на населението. Со реализацијата на оваа планска документација и понатаму со негово непречено функционирање и реализација на зацртаните плански содржини ќе дојде до зголемено искористување на обновливи извори на енергија, помал увоз на струја, поттикнување на развојот на општината, подобрување на пристапните патишта, зголемување на атрактивноста на локацијата и др.

Имплементацијата на планскиот документ ќе има позитивни влијанија врз демографскиот развој на населението од подрачјето со намалување на миграцијата село- град.

Имплементацијата на Проектот за инфраструктура ќе овозможи отпочнување на инвестиции, кои брзо ќе се рефлектираат врз зголемување на економскиот приход, што ќе придонесе за унапредување на локалната и на националната економија и ќе го стимулираат извозот.

6.3. Влијанија врз квалитет на амбиентниот воздух

Од имплементацијата на Проектот за инфраструктура за изградба на мала хидроелектрана со референтен број 235, со пропратни објекти на водотекот на река Коњарка, општина Новаци, не се очекуваат особено значајни влијанија врз квалитетот на воздухот.

Треба да се напомне дека во рамките на планскиот опфат се очекува зголемена фреквенција на возила кои ќе вршат достава на градежни материјали, стока и транспорт на работна сила во и надвор од опфатот. Нивните негативни влијанија ќе бидат краткотрајни и просторно ограничени и се очекуваат во фазата на изградба, а истите ќе бидат предмет на анализа при изработка на студија/елаборатот за заштита на животната средина.

Влијанијата од возилата и градежната механизација врз квалитетот на воздухот се оценуваат како директни, повратни, локални и мали, односно незначителни.

За време на оперативната фаза, нема да се врши загадување на воздухот, освен во периодите кога ќе се врши редовно или вонредно одржување на енергетската инфраструктура и супраструктура.

Специфичните значајни влијанија врз квалитетот на воздухот ќе се предвидат конкретно при изработката на проектот, кој ќе се спроведува во рамките на урбанистичкиот плански опфат и секако ќе добијат и соодветен третман со мерки за намалување или елиминирање на истите.

6.4. Влијание врз квалитет на површински и подземни води

Имплементацијата на Проектот за инфраструктура за изградба на мала хидроелектрана со референтен број 235, со пропратни објекти на водотекот на река Коњарка, општина Новаци, ќе наметне потреба од идентификување на изворите на емисии во површинските и подземните води.

Со имплементација на планскиот документ се очекуваат влијанија врз површинските води од Коњарка. Влијанијата ќе бидат изразени во текот на градбата на малата хидроелектрана кои ќе бидат анализирани при изработка на соодветна студија/ елаборат за заштита на животната средина.

Со реализација на проектот ќе дојде до позитивни влијанија врз квалитетот на водата, пред се поради задржувањето на отпадниот материјал што реката го транспортира со себе. Задржувањето на овој материјал нема да дозволи истиот да навлезе и да ги оштети објектите, односно да создаде загуби на енергија на водата при нејзиниот транспорт низ објектите на енергетската инфраструктура. На овој начин површинските води на река Коњарка ќе се пречистуваат од инертен отпад (шишиња, конзерви, кеси и др.) и органски материјал (лисје, гранки и др.)

Треба да се напомене дека во фаза на изградба и експлоатација на малата хидроелектрана можно е да се јават и негативни влијанија врз животната средина. Влијанијата кои се опишуваат при горе споменатите фази најчесто се однесуваат на површинските води, додека подземните води нема да бидат загрозени поради карпестиот терен и релативно

плитките ископи кои се изведуваат за реализација на предвидениот објект во рамките на планскиот опфат.

Во текот на конструктивната фаза можно е да дојде до ерозија, пред се поради работата на градежната механизација и изградбата на пристапните патишта, ископи, при отстранување на вегетацијата. При работењето на механизацијата може да дојде до неконтролирано излевање на масла и нафта што може да биде причина за загадување на површинските води. Влијанијата врз површинските води во конструктивна фаза се оценува како директно, повратно, локално и умерено. Со добра организација на градежната механизација во фазата на изградба на објектот може влијанијата да се ублажат и сведат на минимум.

Треба да се напомене дека промената на температурата на водата по испуштањето од машинската зграда е влијание кое не треба да се занемари. Со промената на температурата, можно е да се влијае на намален растворен кислород во водата и со тоа да се поттикнат процеси на еутрофикација на реката.

Во однос на влијанијата врз водата на река Коњарка треба да се напомене дека при одредување на инсталиран проток потребен при редовна работа на хидроелектраната треба да се земат во предвид хидролошките карактеристики на реката. Во периоди кога расположливите количества на вода во реката се помали од инсталираниот проток потребно е да се испушта 10% од средно годишниот проток, што претставува гарантиран биолошки минимум.

Во текот на редовната работа на малата хидроелектрана не се очекуваат негативни влијанија на површинскиот реципиент во смисла на загадување, бидејќи самата хидроелектрана нема емисии на загадувачки супстанции.

6.5. Влијание врз почва

При имплементација на Проектот за инфраструктура може да дојде до негативни влијанија врз почвата од емисиите во воздухот предизвикани од превозните средства и градежната механизација во текот на изградбата, како и во случај на несоодветно управување со генерираниот отпад.

При изработката на планскиот документ и анализите за природата и користење на земјиштето кое се наоѓа во планскиот опфат, констатирано е дека опфатот се однесува на неизградено земјиште кое, по изградбата на малата хидроелектрана ќе биде со намена Е-инфраструктура (производство на електрична енергија).

Издувните гасови од транспортните средства и градежната механизација може да имаат негативни влијанија врз квалитетот на почвата во текот на конструктивната и оперативната фаза, исто така треба да напоменеме дека влијанијата во текот на оперативната фаза ќе

бидат ограничени поради намалената фреквенција на возила во рамките на планскиот опфат.

Создадениот отпад на самата локација доколку не се собира и транспортира надвор од неа ќе биде извор на загадување на почвата. Отпадот кој ќе се јави во текот на изградбата и во текот на експлоатација на малата хидроелектрана и истиот ќе биде претежно инертен отпад и отпад од органско потекло.

Главните влијанија врз почвата се однесуваат на активностите кои ќе бидат преземени во текот на градбата (расчистување на теренот, употреба на градежна механизација итн.). Влијанијата врз квалитетот на почвата предизвикани од имплементацијата на планот се индиректни, локални и незначителни. Влијанијата што ќе се јават во периодот на градбата поврзани со деградација на почвата поради изградба ќе бидат локални, краткорочни, но некои од нив ќе бидат неповратни. Од друга страна, во текот на оперативната фаза, влијанијата ќе бидат претежно индиректни, локални, незначителни, додека нивното времетраење ќе биде долгорочно поради фактот што објектот се планира да опстои во подолг временски период. Овие влијанија ќе бидат детално анализирани при изработката на соодветна студија за оцена на влијанието врз животната средина или елаборат за заштита на животната средина.

Во текот на работењето на малата хидроелектрана не се очекуваат негативни влијанија врз почвата заради тоа што при нејзината работа нема емисии во почва.

6.6. Влијание поврзано со управување со отпад

При редовното работење на малата хидроелектрана се очекува дека ќе се генерира незначително количество на отпад. Не се очекува создавање на комунален отпад бидејќи во малата хидроелектрана процесот ќе биде целосно автоматизиран, само повремено едно лице ќе врши надзор на работата и објектите.

Можно е создавање на отпад во случај на евентуални ремонтни активности или долгорочно гледано, единствен извор за создавање на отпад би преставувале старите и дотраени делови од опремата. Со овој тип на отпад- ОЕЕО (Отпад од електрична и електронска опрема) ќе биде постапувано според член 71 од Законот за управување со отпад.

Исто така, се очекува генерирање на отпадно трансформаторско масло. Ова масло ќе се собира во соодветна амбалажа и ќе се предава на фирми овластени за преземање на ваков вид отпад.

Талогот кој што го носи реката и се собира во таложникот кај водозфатот, повторно контролирано ќе се испушта во реката. Функцијата на таложникот е песокот, милта и другите цврсти честички кои реката ги носи со себе, да спречи истите да се прелеат во цевководот, а со тоа да дојде до оштетување на турбината на хидроелектраната.

Несоодветното постапување со отпадот што ќе се создава во конструктивната и оперативната фаза, може негативно да се одрази врз животната средина во потесната и поширокатa околина на планскиот опфат. Несоодветното постапување со отпад може потенцијално да влијае врз квалитетот на почвата, површинските и подземните води на подрачјето.

Заради тоа, не се очекува негативно влијание од создадениот отпад во рамките на планскиот опфати и надвор од него.

Влијанијата врз животната средина од генерираниот отпад детално ќе бидат објаснети при изработката на студиите за оцена на влијанијата врз животната средина или елаборатите за заштита на животната средина, за секоја активност поединечно.

6.7. Влијание од бучава

При реализација на конструктивната и оперативната фаза, односно во време на целосна реализација на хидроелектраната се очекува појава на зголемена бучава како резултат на изведување на градежните работи (работа на градежната механизација, минирање, присуство на работници кои ќе работат на изведба на објектот). Овие влијанија ќе се разгледуваат подетално во текот на изработката на студиите за оцена на влијанијата врз животната средина или елаборатите за заштита на животната средина.

Особено бучавата ќе биде зголемена во фазата на имплементација на планираните активности за инфраструктурно опремување на планскиот опфат и реализацијата на проектот од фаза на поставување на инфраструктурна мрежа, до изградба на самиот објект.

При работата на хидроелектраната не се очекуваат негативни влијанија од зголемена бучава. Евентуално зголемена бучава може да се јави при работата на вртливите делови од опремата.

Влијанијата кои настануваат од бучавата во текот на конструктивната фаза се оценети како умерени, додека во оперативниот период се оценети како локални, повратни и незначителни.

Доколку при имплементацијата на овој Проектот за инфраструктура се применат мерките, дефинирани низ постапката за оцена на влијанијата врз животната средина за оваа активност ќе се намалат и очекуваните кумулативни ефекти од зголемената бучава и ќе се сведат на дозволените нивоа, во согласност со Законот за бучава и подзаконските акти.

6.8. Влијание врз флора и фауна

Со реализацијата на Проектот за инфраструктура се очекуваат негативни влијанија врз флората и фауната кои се наоѓаат на просторот на планскиот опфат наменет за изградба на

водозафатот и машинската зграда. За изградбата на цевководот главно ќе се користи трасата на постоечкиот пат со што значително ќе се намалат површините кои треба да бидат расчистени.

Сепак, заради деградација на дел од автохтоната вегетација, односно живеалишта на автохтона фауна, се очекува раселување на дел од животинскиот свет во околниот предел со исти особености.

При редовното работење на хидроелектраната не се очекуваат позначајни негативни влијанија врз растителните видови, растителните заедници и хабитати, како и во однос на копнените животни (водоземци и влечуги) и инсекти.

Во однос на живиот свет во река Коњарка, можни се негативни влијанија во делот на реката од водозфатот до машинската зграда, односно до одводниот канал. При редовната работа на малата хидроелектрана, на овој потег ќе се смали протокот на вода во реката, кое е особено важно во сушните периоди на годината. Предвидено е конструктивно решение кое ќе биде изведено на водозфатот (страничен прелив и скалиште за премин на риби) со што ќе се обезбеди испуштања на потребно количество вода во реката и ќе се оствари гарантираниот биолошки минимум.

На просторот предложен за новата мала хидроелектрана нема евидентирано природни реткости кои би биле загрозени или би се нарушила биолошката разновидност во тој простор.

6.9. Влијание врз предел

Планското подрачје претставува простор вон населено место и нема значајни особености на предел со природни карактеристики. Влијанијата врз пределот од изградбата на планскиот опфат се должат на краткотрајните градежни активности. Исто така, влијанијата врз пределот се означени со промените што ќе настанат во намената на користењето на земјиштето и како резултат на што ќе се намали површината под шума, тревести заедници и делумно ќе се промени хидроморфологијата во сливот на река Коњарка.

Просторот што е опфатен со овој Проектот за инфраструктура има свои физичко-географски и биолошки особености, што треба да бидат соодветно заштитени. Активностите во фаза на изградба на малата хидроелектрана, кои вклучуваат изградба на планираните објекти во состав на енергетската инфраструктура и супраструктура на предметната локација, може да предизвикаат негативни влијанија врз пејзажните карактеристики на предметната локација. Истите може да се јават како резултат на : пренамената на државното (шумското) земјиште за изградба на предвидените објекти, намалување на површини кои се под природна вегетација поради изградба на објектите и пристапните патишта до нив, нарушување на пределот од несоодветно постапување со

отпадот во рамките на локацијата, измена на речното корито и крајбрежната вегетација на дел по течението на река Коњарка.

Влијанијата врз пределот во текот на изградбата на објектите можат да се компензираат со соодветни мерки кои ќе ги опишеме во следното поглавје. Промената на пределот од експлоатацијата на објектите во рамките на планскиот опфат ќе има локален и долгорочен карактер.

Обемот и интензитетот на влијанијата врз пределот, предизвикани од изградбата на објектот, детално ќе бидат разгледувани при изработката на студијата за оцена на влијанијата врз животната средина или елаборатот за заштита на животната средина, за предвидениот објект.

6.10. Влијание врз културно и историско наследство

Во рамките на локацијата на проектот не постојат значајни археолошки подрачја и локалитети со културно наследство кои би претставувале ограничувачки фактор во процесот планирање и проектирање на овој објект планиран во рамките на планскиот опфат. Планскиот документ нема да има влијание врз културното и историското наследство.

Од таа причина, при спроведување на проектот не се очекуваат влијанија врз културното археолошко наследство. Сепак, во случај ако при реализација на земјените градежни работи при изградба се утврди постоење на артефакти или се појават индиции дека на локацијата се наоѓа потенцијално археолошко добро, градежните работи ќе бидат запрени и навремено ќе биде известена Управата за културно наследство при Министерството за култура.

6.11. Влијание од несреќи и хаварии

Мерки за заштита од пожар на објектите

Со цел да се избегнат ризиците од појава на пожар се препорачува изработка на План за управување со пожар, во кој ќе бидат вклучени ризиците од појава на пожар во конструктивната, оперативната и постоперативната фаза и ќе бидат предложени мерки за минимизирање на евентуалните појави и ризици од пожар, што ќе даде голем придонес кон зачувување на животната средина.

Во овој План треба да се дадат предлог мерки за спречување на појава на пожар и треба да вклучи обука на работниците кои ќе ја инсталираат опремата и ќе вршат нејзино одржување и поправка на евентуални дефекти, за ризиците и начинот на минимизирање на ризиците за појава на пожар. Со овој План би се минимизирале евентуалните појави и ризици од пожар, што ќе даде голем придонес кон зачувување на животната средина.

Заштита од природни непогоди

Генерално, секој ризик од некое случување што носи опасност може да се дефинира преку обемот, големината на оштетувањето што може да се предизвика со тоа случување,

помножено со веројатноста на неговата појава. Оттука технолошкиот ризик се базира на опасноста- обемот на оштетувањето од неконтролирано, интензивно дејствување на опасни материјали со кои се работи за објекти врз живиот свет и материјалните добра и на можноста до тоа неконтролирано опасно дејствување воопшто да дојде.

Посебна важност за проценувањето на технолошките ризици има разгледувањето на сценарија за можни катастрофи и инциденти. За таа цел за одредени случаи може да се користи едноставен научен пристап, додека во други случаи за тоа е потребен сложен математички и научен апарат како во софтверски, така и во хардверски поглед.

Следниот чекор за дефинирањето на ризиците се состои во групирањето на материјалите, кои се појавуваат во процесот на функционирање на објектот, во соодветни групи според нивните релевантни особини. Едно од можните групирања е следново:

- запалливи- не отровни;
- отровни- не испарливи;
- запалливи- експлозивни; и
- отровни- испарливи.

Јасно е дека резултатите од претходната фаза на дефинирање на заштитата од катастрофи, даваат извонредно корисни информации за тоа што е превентивно направено за да се намали ризикот од катастрофи и за тоа што треба понатаму да се стори во таа насока. Користејќи ги тие информации по методолошка постапка на заштита од катастрофи треба да се пристапи кон проектирање на соодветни мерки во основните и изведбени проекти, при што треба да се има на ум дека тоа е континуиран процес и дека треба постојано да се подобрува сигурноста при користењето на технолошките постројки, односно да се намалува технолошкиот ризик.

Во конкретниов случај можни ризици се исклучиво при природни катастрофи. Во такви случаи стапуваат во сила препораките од постојната законска регулатива.

Со оглед дека територијата е изложена на сеизмичко дејство со интензитет од VII степени МКС потребно е применување на принципите на асеизмичко градење на објектите.

Согласно Законот за заштита и спасување (пречистен текст) (Сл. весник на РМ бр.93/12) член 93, заради заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, епидемии, епизооти, епифитотии и други несреќи се формираат единици и штабови за заштита и спасување.

Просторните сили за заштита и спасување во услови на природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи се употребуваат од страна на општината во која се настанати природните непогоди и други несреќи.

Во услови кога општините не можат да ги отстранат последиците од природните непогоди, по барање на градоначалникот на општината во која тие се настанати, со одлука на директорот на Дирекцијата се употребуваат републичките сили за заштита и спасување.

6.12. Прекугранично влијание

Имплементацијата на Проектот за инфраструктура за изградба на мала хидроелектрана со референтен број 235, со пропратни објекти на водотекот на река Коњарка, општина Новаци и оперативните активности на предвидените дејности, нема да предизвикаат прекугранични влијанија.

7. ПРЕДВИДЕНИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА, НАМАЛУВАЊЕ И НЕУТРАЛИЗИРАЊЕ НА НЕГАТИВНИТЕ ВЛИЈАНИЈА

Идентификуваните влијанија врз специфичните медиуми и области на животната средина ќе бидат неутрализирани или намалени доколку бидат доследно почитувани и имплементирани одредбите на Законот за животна средина и другите вертикални закони за секој медиум или област соодветно, како и другите законски одредби применливи за идентификуваните влијанија.

Нарушувањето на природните процеси во животната средина се јавува како последица на нерационалното искористување на природните ресурси и животниот простор, деградирање на почвените површини под дејство на природниот или антропогениот фактор, пренамена на земјоделско земјиште со висока бонитетна класа за непродуктивни или помалку продуктивни цели, примена на застарени производствени технологии итн.

Втор ред на заштита на животната средина се постигнува со мерките за контрола. Подобра контрола и висок степен на заштита на животната средина ќе се постигне со успешна имплементација на системот на заштита преку подготвување на студија за оцена на влијанието врз животната средина или елаборат за заштита на животната средина за планираните објекти на оваа локација.

7.1. Мерки за намалување на влијанието врз население и човеково здравје

Имплементацијата на планскиот документ се очекува, од социо- економски аспект, позитивно да влијанија врз населението од околината и пошироко.

Не се очекуваат негативни влијанија врз човековото здравје, што произлегува од предвидената класа на намена Е- инфраструктура (производство на електрична енергија од обновлив извор).

Примената на сите предложени мерки, дадени во сите фази на планирање и процесот на изведба на објектот планиран во рамките на планскиот опфат, ќе овозможи елиминирање на евентуалните негативни влијанија врз животната средина, кои може да се рефлектираат на директен или индиректен начин врз здравјето на луѓето.

7.2. Мерки за намалување на влијанието врз социо- економска состојба

Имплементацијата на Проектот за инфраструктура позитивно ќе влијае на социо-економската состојба, затоа не се препорачуваат мерки за заштита.

Градба на хидроелектраната ќе ја зголеми понудата на енергетски извори (електрична енергија) во овој регион како и ќе го подигне значењето во искористувањето на обновливите извори на енергија.

7.3. Мерки за намалување на влијанието врз квалитет на амбиентен воздух

При имплементација на Проектот за инфраструктура за изградба на мала хидроелектрана со референтен број 235, со пропратни објекти на водотекот на река Коњарка, општина Новаци, не се очекуваат негативни влијанија врз квалитетот на амбиентниот воздух.

Мерки кои треба да се преземат за намалување на можните емисии во воздухот во фаза на изградба и експлоатација на хидроелектраната се:

- Сите работници, кои ќе бидат потенцијално изложени на емисии на прашина да имаат маски;
- Материјалите кои се исталожени на теренот ќе бидат одблизу мониторирани за можни емисии на прашина и ако е потребно тие ќе бидат покриени или третирани со супресор за прашина;
- Моторите ќе бидат исклучени кога не се во употреба;
- Горивата кои ќе ги користат превозните и транспортните средства и градежната механизација да бидат со минимална застапеност на загадувачки материи (сулфур, аромати, бензени и сл.)
- Сите возила ќе бидат соодветно одржувани за да се редуцираат воздушните емисии;
- Ако се доставуваат земјени материјали, тие ќе бидат во вреќи или соодветно складирани за да може да бидат покриени;
- Сите возила кои носат материјал кој може да дисперзира за време на превозот, ќе бидат покриени;
- Ќе се применуваат најдобри достапни техники при планирање и изградба на предвидените објекти во рамките на опфатот;
- Ќе се применуваат современи технолошки решенија; и
- Соодветен сообраќаен режим во рамките на планскиот опфат.

7.4. Мерки за намалување на влијанието врз квалитет на површинските и подземните води

Со оглед на тоа што станува збор за мала хидроелектрана, при нејзината редовна работа не се очекува негативни влијанија, во смисла на загадување врз површинските и подземни води од реката.

Како значајно влијание кое се јавува при работата на хидроелектраната е намалениот проток кој се јавува меѓу зафатната градба и испуштањето на водите, односно обезбедувањето на потребниот биолошки минимум на вода во реката. Тоа подразбира вештачко регулирање на протокот во одредено време за определен пресек на речното корито, со цел да се обезбеди соодветно количество на вода на различни пресеци на реката.

Покрај мерките што треба да бидат применети за намалување на промените предизвикани врз хидрологијата, хидроморфологијата, живиот свет во реката и крајбрежниот појас, треба да се применат и соодветни мерки за заштита на квалитетот на водите од не соодветно

постапување со отпадот што ќе се создава во текот на изградбата и во текот на експлоатацијата.

Мерките за намалување, односно ублажување на квалитетот на површинските води од несоодветното постапување со отпадот ќе бидат утврдени со студиите за оцена на влијанијата врз животната средина и елаборатите за заштита на животната средина што ќе се изработуваат за објектите во рамките на планскиот опфат.

Треба да се напомене дека за прифаќање на отпадните води во рамките на планскиот опфат предвидено е изградба на непропусна септичка јама која ќе се изгради во текот на реализација на објектот.

Останатите мерки се вградени во техничко- технолошките и организациони решенија на планскиот документ. Дополнителни мерки не се потребни.

7.5. Мерки за намалување на влијанието врз почва

Со имплементацијана на овој Проектот за инфраструктура не се очекуваат значителни негативни влијанија врз почвата.

Доследната примена на планските решенија од страна на операторот во однос на површинските води и управувањето со отпад во рамките на планскиот опфат, како и примената на добра пракса при самата изградба на овој објект, ќе бидат доволна гаранција, евентуалните негативни влијанија врз почвата (загадување и ерозија) да бидат сведени на минимум.

Дополнителни мерки не се потребни.

7.6. Мерки за намалување на влијанието поврзани со управување со отпад

Согласно член 7 од Закон за управување со отпад (Сл. весник на РМ бр. 09/11- пречистен текст и 51/11), создавачите на отпад се должни во најголема мера да го избегнат создавањето на отпад на местото на создавање или да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање и повторно употребен или искористен како извор на енергија.

Мерките за намалување на влијанијата од создадениот отпад се однесуваат на доследното исполнување на законските обврски за управувањето со отпадот, посебно на опасност отпад кои се во надлежност на операторот каде тој се создава.

Инвеститорот, во договор со општинското Јавно комунално претпријатие или друг оператор со дозвола за постапување управување со отпад, треба да договори собирање и одлагање на евентуално генерираниот комунален и органски отпад.

Останатите мерки се вградени во техничките и организациони решенија на планскиот документ- собирање и одведување на неопасниот отпад на соодветната депонија.

Во случај на излевање на масло, на околното земјиште, земјата каде што би се излеало маслото ќе биде отстранета, а потоа соодветно дислоцирана, согласно позитивните правни прописи од областа на управување со отпадот.

Конкретните мерки за постапување со отпадот што ќе се генерира во рамките на планскиот опфат ќе се утврдат со студиите за оцена на влијанијата врз животната средина или елаборатите за заштита на животната средина.

7.7. Мерки за намалување на влијанието од бучава

При работата на малата хидроелектрана, треба да планира вклучување на технологии и техники кои ќе придонесат за намалување на интензитетот на бучава, односно истите да бидат во согласност со дозволените прагови на бучава, согласно законските прописи и подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за бучава.

Ако при имплементација на планскиот документ се увиди потреба од воведување на дополнителни мерки за заштита од бучава тие во понатамошниот период се препорачува да се спроведат.

Влијанијата од бучава во конструктивната фаза на градба во планскиот опфат ќе бидат краткотрајни и ограничени на времетраењето на самата фаза. Потребно е инвеститорите да ги почитуваат рокови за градба дадени од надлежниот орган.

Со имплементација на Проектот за инфраструктура, односно при редовното работење на малата хидроелектрана не се очекуваат негативни влијанија врз животната средина предизвикани од зголемена бучава. Дополнителни мерки не се потребни.

Потенцијални специфичните влијанија може да се контролираат преку мерките предвидени во студијата/елаборатот за заштита на животна средина, односно мерки во согласност и поставени од страна на надлежниот орган, општина Новаци.

7.8. Мерки за намалување на влијанието врз флора и фауна

Доколку со имплементацијата на оваа планска документација се применат сите предвидени мерки за заштита и управување со просторот, отпадните води, отпадот, бучавата и др., ќе се намалат или евентуално ќе се спречат негативните влијанија врз флората и фауната. За намалување на влијанијата од етаблирање на предвидениот објект врз видовите од флората и фауната, се препорачува разгледување на мерки во постапката на оцена на влијанијата од секој поединечен проект, како и од секоја поединечна инфраструктурна активност, планирана во опфатот.

При изработката и реализација на Проектот за инфраструктура или при уредувањето на просторот се превземаат мерки за намалување на влијанието врз флората и фауната. Се предвидуваат следните мерки:

- Утврдување на границите и означување на сите објекти кои би можеле да бидат предложени и прогласени како природно наследство;
- Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природни вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејзаж;
- Избегнување на градежни активности во време на репродукција на видовите;
- Површината за градба да биде во рамките на максимално дозволените површини;
- Враќање во првобитна состојба и уредување на површините кои биле зафатени со помошни објекти и биле деградирани при поставување на комуналната инфраструктура и супраструктура;
- Трасите за изведба на инфраструктурата да бидат рационално користени;
- Компензациони мерки за реставрација на локалните живеалишта;
- Почитување на начелата за заштита на природата согласно Законот за заштита на природата (Сл. весник на РМ, бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11 и 59/12).

Треба да се напомене дека при изградба на ваков тип на објекти потребно е да се предвидат мерки за заштита на рибниот фонд застапен во водите на река Коњарка, е изнаоѓањето на соодветно проектантско решение за таканаречена „рибина патека", со којашто ќе се овозможи безбедност при миграција на рибите, односно спречување истите да бидат заробени во структурите на зафатот, доводните органи и цевководот, или да бидат уништени во случај да дојдат до машинската зграда.

Ако за време на спроведување на планската документација се идентификуваат влијанија врз флората и фауната од значење за биолошката разновидност на државата, а кои не биле земени во предвид при изработката на СОЖС поради недостаток на информации, дополнително ќе се предвидат мерки заради обезбедување на реверзибилност на видовите и живеалиштата.

7.9. Мерки за намалување на влијанието врз предел

При изработка на урбанистичката планска документација треба да се имплементираат планските мерки за зачувување на амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот и адекватното користење на природните предели и пејзажи.

За заштита на карактеристичниот природен предел на подрачјето применливи се мерките за заштита на флората и фауната, коишто се однесуваат на концентрација и ограничување на површината на изградбата, рекултивација на деградираните подрачја зафатени со помошни објекти и времена инфраструктура во текот на изградбата, компензационите мерки за реставрација на локалните живеалишта итн.

Мерките за намалување на влијанијата врз пределот од изградбата на малата хидроелектрана ќе бидат предмет на анализи во текот на изработката на студиите за оцена на влијанијата на проектите врз животната средина или елаборатите за заштита на животната средина во натамошната фаза на планирање/ проектирање.

7.10. Мерки за намалување на влијанието врз културно и историско наследство

При изработка на планска документација од пониско ниво, треба да се утврди точната позиција на локалитетите со културно наследство и во таа смисла да се применат плански мерки за заштита на недвижно културно наследство.

Согласно Закон за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 60/11- пречистен текст и 144/12), во просторните и урбанистички планови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат: плански мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита. Вградувањето соодветен режим за заштита на недвижното културно наследство во просторен и урбанистички план се врши според заштитно- конзерваторски основи за културно наследство (согласно чл. 71 од Законот за заштита на културно наследство).

На локацијата која е предмет на изработка на Проектот за инфраструктура нема евидентирано природно наследство. Но доколку при реализација на планот и изградба на објектите се регистрира природно наследство се запираат активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита на природно наследство.

Локациите кои се предвидени со Проектот за инфраструктура, не се на мапата за археолошки наоѓалишта на културно наследство. Но, доколку во конструктивната фаза, се дојде до артефакти, веднаш ќе се извести Министерството за култура и ќе се постапува согласно Законот за заштита на културно наследство (Сл. весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11 и 148/11).

7.11. Мерки за намалување на влијанија од несреќи и хаварии

При реализација и отпочнување со работа на хидроелектраната на локацијата како можни несреќи и хаварии кои можат да се случат се следниве : пожари, експлозии, контаминација на воздухот и водата, хемиски загадувања и други причини кои можат да доведат до загрозеност на човекот, материјалните добра и еколошката загрозеност на просторот.

За избегнување на овие катастрофи и намалување на последиците се превземаат одредени методолошки постапки за планирање на просторот од аспект за заштита:

- одржување на опремата и инсталациите за сигурност при користење на опасни материјали во разни технолошки процеси;

- оценка на состојбите на природните компоненти на животната средина и степенот на загрозеност од појава на технички катастрофи;
- анализа на меѓусебна зависност на природните услови и постојните технолошки системи;
- заштита на животна средина од емисија на опасни материи;
- заштита од пожар и експлозија;
- вградување на сите заштитни мерки предвидени со елаборати за заштита како составен дел на проекти за одделни објекти.

Од аспект на заштита од пожари потребно е да се изработи посебен Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и да се прибави согласност за застапеност на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи од подрачното одделение за заштита и спасување во општината, согласно член 70 од Законот за заштита и спасување (пречистен текст) (Сл. весник на РМ бр.93/12).

Во изработка на Проектна документација за изградба и во Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи да се планираат и применуваат техничките нормативи за ваков вид на објекти (со висок степен на загрозеност на луѓето и материјални добра) како и при вградување на опрема и уреди.

Предвидената градежна парцела е ориентирана кон постоечки локален и земјен пат, кое обезбедува услови за несметан пристап на противпожарни возила, лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожар. Имајќи во предвид дека локацијата е на водотек, количеството на вода за гасење пожар е обезбедено, а со проектната документација треба да се предвидат конкретни мерки за заштита од пожар.

Сите објекти се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 3 m со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица, која за овој плански опфат кој спаѓа во реонот на Противпожарен центар „Битола".

Во мирнодопски период може да дојде до појава на вонредни услови поради елементарни непогоди кои настануваат под дејство на природни сили: земјотрес, поплава, силен ветар, снег, наноси, лавини, лизгање и одронување на терен и слично. Многу од овие опасности можат предвреме да се предвидат, во кој случај можат да се преземат одредени организационо- технички мерки за нивно спречување или намалување на последиците.

За заштита на машинската зграда од поплави предизвикани од појава на големи води, предвидено е, во зоната на машинската зграда, да се изврши регулирање на речното корито.

Димензионирањето на регулираното корито е предвидено да може да спречи излевање на големи води со појава еднаш на 100 години.

Метеоролошките појави со карактеристики на елементарни непогоди се манифестираат со појава на град, луњи, ветрови и магли.

Со цел за поефикасна заштита задолжително е предвидување на современа громобранска инсталација и нејзино континуирано одржување. Како посебна мерка за заштита од силните ветрови, претставува избор на вегетацијата.

Сеизмичките појави, земјотресите, се доминантни природни непогоди кои можат да имаат катастрофални последици врз човекот и природата.

Сеизмичките појави- земјотресите се доминантни природни непогоди во Република Македонија, кои можат да имаат катастрофални последици врз човекот и природата. Подрачјето каде се наоѓа предметната локација според досегашните сеизмолошки истражувања, се наоѓа во зона на VII степени, по МКС скала, на очекувани земјотреси. Намалување на сеизмичкиот ризик може да се изврши со примена на нормативно- правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти. Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос спрема слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците во случај на појава на урнатини. Тоа значи дека е обезбеден приод за спроведување на акција за заштита и спасување и расчистување од урнатини.

Во однос на заштита од технолошки акцидентни случаи, Инвеститорот предвидува автоматска работа и компјутеризирано следење на исправноста на опремата. Исто така, употребата на најсовремена опрема и предвидените градежни зафати претставуваат гаранција за заштита на животната средина. Имено, спречено е секакво излевање на масла во реката преку избор на соодветна турбина, а изградбата на бетонско корито под трансформаторот ќе обезбеди, во случај на хаварија, да не дојде до разлевање на истото во околината.

Во согласност со член 53 од Закон за заштита и спасување (пречистен текст) (Сл. весник на РМ бр.93/12) задолжително треба да се применуваат мерки за заштита и спасување. Тоа опфаќа пред се изградба на објекти отпорни на сеизмички дејствија, обезбедување на противпожарни пречки, изградба на објекти и заштита и изградба на потребна инфраструктура. За ефикасна заштита на луѓето и материјалните добра, задолжително треба да се обезбедат средства за лична и колективна заштита. Начинот на изградба, одржување и користење на засолништа и други заштитни објекти е уредена со Уредбата за начинот на изградбата, одржувањето и потребниот материјал за засолнишни места (Сл. весник на РМ бр. 80/05).

7.12. Мерки за намалување на прекугранични влијанија

Имплементацијата на планскиот документ нема да предизвика прекугранични влијанија, затоа не се препорачуваат мерки за намалување на влијанијата.

8. АНАЛИЗА НА АЛТЕРНАТИВИ

Подготовката на Извештај за стратегиска оцена предвидува задолжително разгледување на алтернативи, кое може да се направи од аспект на избор на најдобро решение за локација, опции на намени предвидени во документот, потоа активности што би се предвиделе на планскиот опфат итн.

Овие аспекти се разгледуваат со цел да се изнајде најдоброто решение кое ќе придонесе за максимална можна заштита на животната средина.

Треба да се напомене дека локалитетот за оваа мала хидроелектрана е утврдена со Одлука на Владата на Р Македонија. Оваа локација, од страна на концедентот- Владата на Република Македонија му е дадена под концесија на инвеститорот, во времетраење од 20 години.

Локациите на малите хидроелектрани се утврдени со Просторниот план на Република Македонија, за некои од нив се реализирани идејни проекти, со цел да се утврди нивниот реален потенцијал за производство на електрична енергија.

За оваа Локална урбанистичка планска документација, локацијата на планскиот опфат е однапред дефинирана со Просторниот план на Република Македонија. Исто така, со програмските барања дефинирана е и намената на содржината на опфатот Е-инфраструктура, со основна класа на намена Е1/Е2- комунална инфраструктура и супраструктура.

Заради тоа, од страна на Нарачателот и Изготвувачот на планот не се разгледувани алтернативни решенија за друга намена на оваа локација.

Водејќи се од горенаведените смерници (дефинирани со Планската програма), разгледувањето на алтернативни решенија е сведено на ниво на планскиот опфат и на ниво на класите на намена, задржувајќи ги основните содржини планирани во опфатот.

Во понатамошната фаза на проектирање ќе се разгледуваат техничко- технолошки алтернативи на различните постројки и линиската инфраструктура на малата хидроелектрана. Со планскиот опфат е утврдена градежна парцела со површина која овозможува флексибилност и соодветни корекции на поставеноста на енергетската супраструктура- зафатните градби на река Коњарка, како и на енергетската инфраструктура- доводниот канал и цевководот. Со разработката на идејниот проект ќе се утврди точната микро локација на зафатот и видот на зафат, спрема што ќе се утврди дека градбата ќе биде од тиролски зафат.

Исто така при натамошното проектирање со идејните или основните проекти ќе се бараат алтернативни решенија за типот на доводните органи, цевководот, трасата на комуналната

инфраструктура, нивелетите, дијаметарот на цевките, типот и поставеноста на машинската зграда на предметната локација итн. Алтернативи на електро- преносната линија (далековод) за приклучување на малата хидроелектрана со постојниот електро систем, ќе биде разгледувана со идејниот или основниот проект.

9. ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Целта на Планот за мониторинг на животната средина е следење на ефектите од спроведувањето на планскиот документ. Планот за мониторинг ги следи ефектите врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

Планот треба да овозможи согледување на непредвидените негативни ефекти и преземање на соодветни дејствија за поправање на состојбата. Во случај на согледани негативни ефекти од спроведувањето на планскиот документ, органот кој го подготвува планскиот документ како и друго правно или физичко лице и здруженија на граѓани од областа на животната средина се должни за тоа да го известат органот на државна управа надлежен за работите од областа на животната средина.



Слика 17: Следење на ефектите од спроведување на планскиот документ

Основните цели и користа од мониторингот на ефектите врз животната средина се:

- следење на имплементацијата на активностите предвидени со планскиот документ;
- следење на имплементацијата на мерките за контрола на влијанијата;
- да се обезбедат податоци за понатамошно следење на состојбите во животната средина;
- следење на состојбата во животната средина со цел навремено согледување на непредвидените влијанија од имплементацијата на Планот и управување со истите;

- да се потврди дека со примена на мерките за ублажување се зголемуваат придобивките во однос на заштитата на животната средина;
- утврдување кои активности треба да бидат превземени за редуцирање на влијанијата врз животната средина.

Со цел да се изврши мониторинг на ефективноста на Проектот за инфраструктура, потребно е следење на поставените индикатори и нивниот развој со што ќе се потврдат целите на Планот. За следење на индикаторите потребно е да се земат во предвид и податоците за тековната состојба на животната средина.

Следењето на состојбата на животната средина ја потврдува оправданоста и примената на предложените мерки за ублажување и нивната функционалност, што претставува голема придобивка во однос на заштитата на животната средина.

Цели	Предмет	Индикатори	Мониторинг	Извори на верификација
Подобрување на квалитетот на живеењето и зголемување на животниот стандард	Население	- Зголемен број на вработени; - Имплементирани инфраструктурни подобрувања - Зголемен приход по глава на жител; - Намален увоз на струја; - Зголемени инвестиции; - Зголемување на буџетот на Општината и пошироко;	- Редовен попис на населението; - Статистички и финансиски извештаи; - Финансиски извештаи	− Завод за статистика; −Министерство за финансии.
Заштита на животната средина со имплементација на планска документација	Сите медиуми на животната средина	- Бројот на подготвените Студии за оцена на влијанијата врз животната средина/елаборати за заштита на животната средина.	- Мониторинг над спроведување на мерките дефинирани во Студиите за оцена на влијанијата врз животната средина/елаборатите за заштита на животната средина.	-Општина Новаци
Подобрување на квалитетот на воздухот	Квалитет на амбиентален воздух	- Имплементација на мерки од Студија и Елаборат - Донесување и имплементација на Програма за намалување на загадување на амбиентен воздух - Примена на обновливи извори на енергија;	-Монитотинг на квалитет на амбиентален воздух; -Мониторинг на емисии од испусти во атмосферата од индустриските капацитети	- Извештаи за реализација на планската документација, - Општина Новаци
Зачувување на квалитетот на водата	Површински и подземни води;	-Имплементација на мерки за заштита од студија/елаборатот за	Мониторинг на квалитетот на водата во засегнатите водотеци	Општина Новаци

Цели	Предмет	Индикатори	Мониторинг	Извори на верификација
		заштита на ж.средина - Ерозивен нанос		
Одржување на постојано ниво на флора и фауна	Покарактеристични влијанија	Задржан број на првично идентификувани живеалишта	Мониторинг над видовите на живеалиштата	- МЖСПП
Минимизирање на отпадот, рециклирање и повторна употреба во тековните активности	Медиуми на животната средина	- Имплементација на програмите/плановите за управување со отпад за објектот/локацијата; - Определување на места за собирање и селектирање на комунален отпад и инертен отпад - Донесување на посебни правила за постапување со комунален и друг вид отпад - Имплементација на мерките, предложени во Студија за оцена на влијанијата врз животната средина/елаборат за заштита на ж.средина.	-Степен на имплементација на програмите за управување со отпад на планираниот опфат. -Мониторинг на селектирање, собирање и транспорт на комунален отпад на локацијата -Доставување на извештаи за управување со отпад	- Општина Новаци
Намалување на бучава	Население, флора и фауна	-Имплементација на мерки за намалување на бучава предвидени со Студија за оцена на влијанието врз ж.средина/елаборат за заштита на ж.средина -Задржан број на првично идентификувани живеалишта	Мониторинг на нивото на бучава Мониторинг над видовите на живеалишта	-Општина Новаци
Минимизирање на појавите од несреќи и хаварии	Медиуми на животната средина	Примена на препораките дадени во студиите/планови и програми за заштита од несреќи и хаварии.	Степен на имплементација на препораките дадени во студиите /планови и програми за заштита од несреќи и хаварии.	Извештај за реализација на Проектот за инфра-структура.

Табела 6: Постапка за мониторинг

10. НЕ-ТЕХНИЧКО РЕЗИМЕ

Согласно Законот за животна средина (Сл. весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11 и 123/12), Проектот за инфраструктура за изградба на мала хидроелектрана со референтен број 235, со пропратни објекти на водотекот на река Коњарка, општина Новаци, претставува плански документ за кој е потребно да се спроведе постапка за Стратегиска оцена на животната средина и да се изготви соодветен Извештај.

Извештајот е изработен согласно содржината на извештајот пропишана во Уредбата за содржина на извештајот за стратегиска оцена на животната средина (Сл. весник на РМ бр.153/07).

Целта на постапката за стратегиска оцена на животната средина е идентификација и анализа на влијанијата врз животната средина, животот и здравјето на луѓето кои би произлегле со имплементација на планскиот документ. Постапката е спроведена во фазата на планирање, со цел сите идентификувани влијанија, односно соодветните мерки за елиминирање или контрола на влијанијата да се предвидат во најраната фаза на подготовката на документот, а потоа да се интегрираат целите на животната средина во подготвувањето и усвојувањето на документот.

Постапката за стратегиска оцена на животната средина треба да обезбеди високо ниво на заштита на животната средина, спроведување на насоките од релевантни стратешки и плански документи и интегрирање на целите на животната средина во подготовката и усвојувањето на стратегии, планови и програми (плански документи), а во насока на промовирање на одржливиот развој.

Проектот за инфраструктура е изработена според одредбите за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, Стратегија за одржлив развој (Агенда 21), Законот за просторно и урбанистичко планирање, барањата во Програмата за содржината на планската документација, поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на инфраструктурниот проект.

Согласно член 2 од Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови, овој Проектот за инфраструктура се состои од: **Документациона основа** и **Планска документација**.

Документацијата на Проектот за инфраструктура се состои од текстуално- аналитички дел, графичкиот дел и услови за градење на просторот, намена на објекти, регулационен план и површина наменета за градба со висински план, сообраќаен со нивелациски план и инфраструктурен план. Површина на планскиот опфат е 16697,48м^2.

Со планот треба да се предвиди следната наменска употреба на земјиштето:

- ✓ Градежната парцела, долж трасата на цевководот и браната од хидроелектраната е со класа на намена Е2– комунална инфраструктура (градби за производство на енергија).

За градбата во градежната парцела се утврдува максимална висина на изградба од 12, m. Котата на нулта плоча во однос на нивелетата на пристапната сообраќајница ќе се утврдува според технолошките потреби на Инвеститорот и важечките урбанистички нормативи.

- Максимален процент на изграденост..... 10%
- Максимален коефициент на искористеност..... 0,10

Планираните градби се наоѓаат надвор од заштитната зона на локалниот пат (на растојание поголемо од 10,0m согласно Законот за јавни патишта (Сл. весник на РМ бр.84/08 и бр.114/09).

Границата на планскиот опфат е дефинирана со границата на градежната парцела која се формира од деловите од катастарските парцели со број 26, и 1405, КО Скочивир, на м.в. Коњарка, општина Новаци. За предметната парцела изработена е ажурирана геодетска подлога со нумерички податоци и тие се составен дел на Проектот за инфраструктура.

Во планскиот опфат има само една површина за градење на градба и тоа машинската хала. Со градежните линии се утврдува максималната дозволена површина за градење, односно рамките во кои може да се движи габаритот на градбата. При проектирањето задолжително да се почитуваат Условите за градење во границите на градежната парцела дадени погоре како и да се почитува член 40 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр.142/10, 64/11, 98/11, 169/11, 45/12, 63/12, 126/12 и 19/13).

Условите за градење ќе се издадат врз база на изработен идеен проект за комунална инфраструктура (зафат и цевковод) и изработен идеен проект за комунална супраструктура (машинска хала).

Да се обезбеди заштита на планираните коридори наменети за енергетска инфраструктура од градба на објекти и друга инфраструктура.

Со пристапување на изработка на Проектот за инфраструктура за формирана градежна парцела од делови на КП 26 и КП 1405, КО Скочивир, на м.в. Коњарка, општина Новаци, веќе е посочена намената на овој простор.

Максималните габарити на архитектонските елементи треба да се движат внатре во веќе опишаните граници. Истите ќе бидат утврдени со изработка на идејните проекти.

Заради реализација на планската документација, а согласно намената на земјиштето основните услови за изградба се во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 60/11- пречистен текст и 144/12); Правилникот за поблиска

содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. весник на РМ бр.78/06), како и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр.142/10, 64/11, 98/11, 169/11, 45/12, 63/12, 126/12 и 19/13), како и искуството во реализација на овој вид објекти.

Максималниот процент на изграденост е 10%, а максималниот коефициент на искористеност е 0.10, што е во рамките на важечките законски нормативи во зависност од видот на објектите. Максималната висина на градба изнесува 12м или изразено во катови П или (П+1 на дел од површината за градба).

Паркирањето е решено во рамките на градежната парцела со почитување на потребниот број на паркинг места согласно член 68 и 69 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр.142/10, 64/11, 98/11, 169/11, 45/12, 63/12, 126/12 и 19/13), како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба.

При планирањето на содржините во објектот (иако се работи за производствен објект), како и при неговото сообраќајно и пешачко поврзување, мора да се проектираат и реализираат пристапи за користење на содржините од страна на хендикепирани лица. Пристапните рампи не смеат да бидат со нагиб поголем од 8.33 %.

Градежната парцела треба да биде уредена со потребна урбана опрема, која го формира урбаниот израз и ја презентира урбаната култура. Сопственикот на објектот, постојано треба да го одржува објектот и дворното место со обновување на фасадата на објектот и одржување на патеките, зеленилото, оградата и другите урбани елементи.

Условите за уредување на просторот и графичките прилози се составен дел на Проектот за инфраструктура и имаат правно дејство само врз градителската активност, која ќе следи по стапување на сила на Проектот за инфраструктура за градежна парцела, дел од КП 26 и КП 1405, КО Скочивир, на м.в. Коњарка, општина Новаци. Со условите се уредува градбата на просторот во рамките на утврдената граница на конкретниот плански опфат.

Сите нумерички податоци во графичките прилози се ориентациони (графички отчитани). Истите се отчитувани од планот и прикажани се со единствена цел- изготвување на билансни показатели. Точните нумерички податоци ќе се добијат од РГУ во Битола при изработка на идејните проекти. За овој дел на општина Новаци на сила е катастарски премер Скочивир.

Градежното земјиште е земјиште чијашто намена и начин на уредување, градење и користење се утврдува со урбанистички план. Статус на градежно земјиште добива секое земјиште во подрачје за кое е донесен урбанистички план.

Градежната парцела е основна и најмала единица на градежното земјиште. Таа е ограничена со регулаторните линии: регулациона линија и граница на градежна парцела.

Регулационата линија е граница меѓу градежно земјиште за општа употреба и градежно земјиште парцелирано на градежни парцели наменети за поединечна градба.

Граница на градежна парцела како планска одредба во урбанистичкиот план е линија на разграничување на носители на право на градење помеѓу две соседни градежни парцели.

Градежната линија е планска одредба која претставува граница на површината за градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која градбата може да се гради. Градежната линија преставува пресек на вертикална рамнина со рамнината на теренот и го дефинира просторот за изградба од нивелетата на партерот до дозволената висина на градба. Отстапувањата од градежната и помошната градежна линија се дефинирани во член 38 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр.142/10, 64/11, 98/11, 169/11, 45/12, 63/12, 126/12 и 19/13).

Површината за градење е планска одредба со која во урбанистичките планови се утврдува делот од градежната парцела која се предвидува за градење на градбите. Во градежната парцела презентирана е нова површина за градба.

Дозволената висина за изградба се дефинира како висина на горниот венец, односно слемето на објектот во однос на нивелетата на партерот, односно пристапната патека. Максималната висина на изградба дефинирана со овој План е дадена условно. Правото да се гради до дадената максимална висина на градбата се реализира доколку се исполни условот да се обезбеди паркирање и гаражирање на потребниот број на возила во рамките на сопствената парцела. Максималната висина на нулта плоча во однос на теренот изнесува 1.20m.

Коефициентот на искористување и процентот на изграденост се дефинирани во зависност од намената на објектот, согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр.142/10, 64/11, 98/11, 169/11, 45/12, 63/12, 126/12 и 19/13).

Покрај условите кои произлегуваат од дозволените граници за изградба, во компонирање на фасадите треба да се тежнее кон нивно максимално усогласување со типот објектот, околината и почитување на креативноста на архитектот.

Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект. Надвисувањата над кровот во смисла на кровни прозори, куполи, кулни надвишувања и сл. не треба да бидат поголеми од 15% од кровната површина.

Максималната висина на оградата кон улица изнесува 2.20m (полн дел до висина од 1m) и тие по изглед и материјал треба да се вклопат во амбиентот на просторот.

Во третманот на пешачките површини не треба да постојат пешачки бариери за движење на лица со инвалидност, односно решавање на денивелациите со скали и рампи согласно член 77 и член 78 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр.142/10, 64/11, 98/11, 169/11, 45/12, 63/12, 126/12 и 19/13).

Потребите за паркирање за градежната парцела ќе се решава во рамките на истата. Точниот број на паркинг места и нивната местоположба ќе се утврди со изработка на идејниот проект согласно член 68 и 69 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр.142/10, 64/11, 98/11, 169/11, 45/12, 63/12, 126/12 и 19/13) како основен услов за изградба до максимално дозволената површина и висина за градба.

Доколку при изведувањето на земјени работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно- историска вредност, потребно е да се пристапи во согласност со член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11 и 148/11), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Органот, кој го подготвува планскиот документ, во претходна консултација со засегнатите органи од имплементацијата на Проектот за инфраструктура, го определи обемот и деталноста на информациите, кои се дадени во Извештајот за стратегиската оцена на животната средина, што е дел од процедурата за стратегиска оцена на животната средина.

Стратегиската оцена на животната средина ги зема во предвид влијанијата врз животната средина и алтернативите во поширок обем, а исто така:

- ✓ во претходна постапка ги зема во предвид алатките кои би се користеле за да ја подржат формулацијата на стратегиската акција за одржлив развој;
- ✓ овозможува зголемување на ефикасноста при донесување на одлуки;
- ✓ овозможува систематски и ефективен приод кон животната средина од повисоко ниво при донесување на одлуки;
- ✓ ги поддржува консултациите и учеството на јавноста.

Извештајот за стратегиската оцена на животната средина содржи детали од планот, одредени програми и стратегии, како и други информации, кои се земени во предвид при оцената на животната средина, односно содржи податоци за:

- постојната состојба на предметната локација;
- можните влијанија врз населението, здравјето на луѓето, флората, фауната, почвата, водата, климатските фактори, материјалните добра, културното наследство, пејзажи и др.;
- предвидените мерки за заштита и намалување на влијанијата;
- краток преглед на причините врз основа на кои се одбираат алтернативите;
- состојба на животната средина без имплементација на планот;

- план за мониторинг на животната средина.

Целите на проектот се да ги утврди параметрите потребни за издавање Услови за планирање на просторот за проектот за инфраструктура за изградба на мала хидроелектрана со референтен број 235, со пропратни објекти на водотекот на река Коњарка, општина Новаци. Воедно таа треба да ги даде и насоките за изработка на архитектонско- урбанистички проекти за специфична наменска употреба на земјиштето, како и идејни и главни проекти за објектите и инфраструктурните градби за истиот.

Главна цел на планскиот документ е развој, организација и користење на просторот со што се овозможува поголема атрактивност на просторот, како значаен услов за раст на економијата и стандардот на живеење на луѓето, но при тоа да се обезбедат услови за заштита на вредностите во медиумите на животната средина.

Иницијативата за градење на овој објект на предложената локација е во насока на реализација на планскиот концепт за интегрален и децентрализиран развој на градот и општината.

Искористувањето на конфигурацијата на теренот и другите природни фактори дава можност за реализација на планираните намени, односно содржини, кои се во интерес на општина Новаци, но и пошироко.

Согласно определбите на Просторниот план на Република Македонија, идниот развој и разместеноста на сите дејности на овој простор треба да базира на примена на принципите и стандардите за заштита на животната средина, особено нивна превентивна примена и спречување на негативните влијанија врз животната и работна средина. Изградбата на малата хидроелектрана со инсталирана моќност од 880 kW на водотекот на река Коњарка во општина Новаци ќе биде во функција на одржливиот економски развој преку производството на хидро енергија.

Изградбата на мала хидроелектрана ќе предизвика позитивни ефекти базирано врз принципите на одржлив развој со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина. Ефикасната инфраструктурана опременост на овој простор и неговата поврзаност со околните рурални и урбани населби, треба да биде фактор за афирмација, но и фактор за гравитациско влијание и поврзаност со поширокото окружување.

Во површини за градба каде со проектна програма ќе се предвиди потреба од градба на неколку одделни објекти задолжителна е изработка на архитектонско- урбанистички проект Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 60/11- пречистен текст и 144/12)со кој ќе се утврдат сите поединечни површини за градби. Нивната вкупна развиена површина е потребно да се усогласи со сите нормативи од Правилникот за

стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр.142/10, 64/11, 98/11, 169/11, 45/12, 63/12, 126/12 и 19/13).

Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат од имплементација на Локалната урбанистичка планска документација за изградба на мала хидроелектрана со референтен број 235, со пропратни објекти на водотекот на река Коњарка, општина Новаци, се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идните бенефиции, односно позитивни влијанија.

Подготовката на Извештајот за стратегиска оцена на влијанијата врз животната средина ги зема во предвид влијанијата врз специфичните медиуми од животната средина со имплементација на предвидената планска документација во поширок обем. Додека пред изградба на поединечните објекти, кои влегуваат во состав на локацијата, ќе се пристапи кон подетална анализа на можните влијанија врз животната средина во конструктивна, оперативна и постоперативната фаза на објектот, согласно глава XI од Законот за животна средина (Сл. весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10,124/10, 51/11 и 123/12)- Барања за изработка на Оцена на влијанието врз животната средина на одредени проекти или согласно член 24 од истиот Закон.

Влијанијата врз специфичните медиуми од животната средина ќе бидат елиминирани или ефективно намалени доколку при изведбата на малата хидроелектрана се применат мерките, дефинирани во планската документација за изградба на објектот, како и мерките кои ќе бидат дадени во поединечните студии за оцена на влијанијата врз животната средина и елаборатите за заштита на животната средина, од изградбата на посебните објекти. При изработката на плански и програмски документи, со кои се планира изведување на проекти, треба да се земе во предвид и анализата на алтернативи, која се прави од аспект на избор за најдобро избрано решение за намена на локацијата, од аспект на економска оправданост, финансиски можности и заштита на животната средина.

Предвиденото планско решение како алтернатива дава широки можности за заживување и иден развој на поширокиот простор на локацијата во разни насоки, односно дава можност просторот од неатрактивно земјиште да прерасне во простор кој ќе даде голем придонес за развојот на регионот, локалната и националната економија.

Стратегиската оцена на животната средина вклучува мерки за мониторинг на сите значителни идентификувани позитивни и негативни ефекти. Планот за мониторинг на животната средина дава можност за систематско набљудување, испитување и оценување на загадувањето и состојбата на медиумите и областите на животната средина во целина како и идентификација и регистрирање на изворите на загадување на одделните медиуми и областите на животната средина.

Исто така, Планот за мониторинг овозможува воспоставување на интерактивна врска помеѓу сите вклучени страни и претставува основа за надлежните институции, да го контролираат процесот на спроведување на законската регулатива и да донесуваат правилни одлуки.

Со цел да се изврши мониторинг на ефективноста на проектот за инфраструктура, потребно е следење на поставените индикатори и нивниот развој со што ќе се потврдат целите на проектот.

Бенефитот од спроведување стратегиската оцена на животната средина е:

- ✓ флексибилност;
- ✓ консензус во процесот на планирање;
- ✓ интегрирање на социјалните, економските и аспектите на животната средина;
- ✓ меѓусекторска соработка;
- ✓ земање во предвид на регионалните потреби и цели;
- ✓ конзистентност со стратешките определби за одржлив развој.

Доколку сите согледувања дадени во Извештајот за стратегиска оцена на животната средина бидат земени во предвид и имплементирани во Проектот за инфраструктура ќе се избегнат сите несакани последици, што значи ќе се заштеди време и пари што е само дел од целите на стратегиската оцена на животната средина. Исто така ќе се обезбеди заштита и одржлив развој на ресурсите, заштита на медиумите во животната средина и здравјето на луѓето. Извештајот за стратегиска оцена на животната средина содржи вистинити и реални информации во простор и време, кои ќе им помогнат на носителите на одлуки на повисоко ниво.

11. ИНФОРМАЦИИ ЗА ОДРЖАНА ЈАВНА РАСПРАВА

12. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Техничка документација поврзана со Проектот за инфраструктура за изградба на мала хидроелектрана со референтен број 235, со пропратни објекти на водотекот на река Коњарка, општина Новаци;
2. Стратешки план за локален економски развој за Општина Новаци 2008- 2013;
3. Национална стратегија за одржлив развој, 2009;
4. Националната стратегија за биолошка разновидност, 2004;
5. Стратегија за управување со отпад во Република Македонија 2008-2020;
6. Националниот План за управување со отпад, 2009-2015;
7. Стратегија за мониторинг на животната средина 2004;
8. Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина, 2003;
9. Стратегија и акционен план за имплементација на Архуската конвенција 2005;
10. Национален здравствено- еколошки акционен план (НЗЕАП, 1999);
11. Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр.142/10, 64/11, 98/11, 169/11, 45/12, 63/12, 126/12 и 19/13).

ПРИЛОГ 1: ДРД ОБРАЗЕЦ

ЦЕНТР @ЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ДОКУМЕНТ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ

Образец ДРД

Друштво за консалтинг,тренинг и услуги **ЕВОЛВИНГ** ДОО Скопје, *со* ***ЕМБС* 6608493** *седиште* Ул. БУКУРЕШКА Бр.12-29 СКОПЈЕ, *како предмет на работа има регистрирано општа клаузула за бизнис согласно чл.7 и 7а од Законот за Едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица (**Сл.весник на РМ бр. 84/05, 13/07, 150/07, 140/08, 17/11 и 53/11**).*

Приоритетна дејност/Определена главна приходна шифра:

70.22	Дејности на советување во врска со работењето и останато управување

Бр. 0809-14/1408/1
18.04.2013 година,
Скопје

Изготвил,
Танас Камчевски

Овластено лице,
Весна Вељковиќ

МП

Централен Регистар на Република Македонија,ул.Кузман Јосифовски Питу 1,1000 Скопје.Тел.02/3288-100 Факс.02/3123-169 www.centralenregistar.org.mk

ПРИЛОГ 2: ОДЛУКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА СОЖС

Република Македонија
Општина Новаци
Бр. 07-653/7
26.08.2013 год.
Новаци

Врз основа на член 15 став 1 точка 2 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр. 5/02), а во согласност на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија„ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), Советот на Општина Новаци, на ден 26.08.2013., донесе:

Одлука
за спроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ **Проект за инфраструктура за изградба на цевковод, МХЕЦ Коњарка со реф.бр. 235 со пропратни објекти на КП 26 и КП 1405 КО Скочивир, Општина Новаци** кој се носи согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање **потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина,** согласно со член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на **Општина Новаци - www.opstinanovaci.gov.mk**

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став 4 од Законот за животната средина и врз основа на податоците од прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планскиот документ **Проект за инфраструктура за изградба на цевковод, МХЕЦ Коњарка со реф.бр. 235 со пропратни објекти на КП 26 и КП 1405 КО Скочивир, Општина Новаци, може да има влијание врз животната средина од следните причини:**

Планскиот документ предвидува изградба објекти со намена Е1 - комунална инфраструктура и Е2 – комунална супраструктура. Предвидените содржини можат да имаат влијание врз животната средина. Објектите со намена Е1 и Е2 согласно со Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанијата врз животната средина (Сл.в. 74/05) опфаќаат проекти дадени во Прилог бр. 2, точка 3. Енергетика, (ж) хидроелектрични централи и според член 3 од истата Одлука за генерално определените проекти од Прилог 2 се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до **Министерството за животна средина и просторно планирање** во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

5.Одлуката ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Совет на Општина Новаци
Претседател
Пецо Мицевски

ПРИЛОГ 3: МИСЛЕЊЕ ОД МЖСПП ЗА ПОСТАПКА ЗА СОЖС

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НОВАЦИ
Н О В А Ц И
ПРИМЕНО: 12.09.2013
Орг. ед. | Број: | Прилог | Вредност
09 | 509/8

Архивски бр. 15-7888/2

Дата: 06-08-2013

До: Општина Новаци
с. Новаци
7211 Новаци
Република Македонија

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Предмет: Известување
Врска:Ваш бр.09-509/7 од 29.08.2013;наш бр.15-7888/1 од 02.09.2013

Почитувани,

Во врска со Вашето барање **бр. 09-509/4 од 29.08.2013год. Проект за инфраструктура за изградба на цевковод, МХЕЦ Коњарка со реф. бр. 235 со пропратни објекти на КП бр. 26 и КП бр. 1405, КО Скочивар - Општина Новаци,** Ве известуваме дека согласно Законот за животната средина („Службен весник" бр: 53/5, 81/5, 24/7, 159/8, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11) Вашата Одлука за спроведување на Стратегиска оцена за влијание на животната средина и формуларот со утврдениот обем на Стратегискатá оцена, Министерството за животна средина и просторно планирање ги **прифаќа.**
Одлуката заедно со формуларите задолежително се објавуваат на веб страната на органот кој го подготвува и носи планскиот документ и се доставува до Министерството за животна средина и просторно планирање.

Со почит,

Изработил: Милева Тагасовска
Проверил: Сашо Апостолов
Одобрил: Виолета Дракуловска

Министер
Abdilaqim Ademi